СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесет и  седмата седница на Собранието на Република Македонија,
одржана на 14 мај 1997 година

Скопје, мај 1997 година

**ШЕЕСЕТ И СЕДМА (67) СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 14 МАЈ 1997 ГОДИНА**

ДНЕВНИОТ РЕД СЕ НАОЃА НА СТР.13

1. АНДОВ СТОЈАН 5, 9, 10
2. АРСОВСКИ БРАНКО 34
3. БЕЈЗАТ МУБИЛ (Реп. судски совет) 25
4. ГАЈТАНОВСКИ (Министерство за внатрешни работи) 79
5. ДАНЕВ СЛОБОДАН 85
6. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО 116
7. КОЦЕВСКИ АЦЕ 12, 33
8. ЛАЗАР0В ЈОВАН 75
9. МАЛИНСКА ПЕРСИДА 93
10. МИНОВ ПАНЧЕ 109, 115
11. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН 17, 21, 24
12. НАУМОВСКИ ВАНЕ 38, 39
13. ПЕТКОВСКИ ТИТО (ја води седницата) 1
14. ПЛОЖАНИ МЕРСИМ (заменик на министерот за правда) 40, 44, 61, 78
15. ПОПОВСКИ Г. НИКОЛА 77, 87, 89
16. РАМАДАНИ САЛИ 14, 15, 16, 53
17. РАМАДАНИ ХИСЕН 36
18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ 2, 3, 37, 74
19. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР 34
20. СИЛЈАНОВСКИ НАУМ 90
21. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО 102
22. ТРПЕВСКИ ЉУБЕ (потпретседател во Владата на РМ) 2, 3
23. ТАИРИ МЕЉАН 24, 26, 83
24. ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА 64, 66
25. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР 70, 74
26. ТАНТАР0В ВЕЉО 82
27. ФИТИ ТАКИ 4, 20, 22
28. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР 12, 16, 29
29. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН 103
30. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ 32, 118
31. ШАЌИРИ ХИСНИ 105, 108
32. ШАПУРИЌ ЗОРАН 31, 68

Т.1-стр.27; Т.2-стр.31;
Т.3-стр.47; Т.4-стр.49;
Т.5-стр.52; Т.6-стр.58;
Т.7-стр.59; Т.8-стр.61;
Т.9-стр.79; Т.17-стр.96;
Т.19-стр.98; Т.10-стр.99;
Т.11-стр.100; Т.12-стр.101;
Т.13-стр.100;

СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА !

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14 мај 1997 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија во сала I, со почеток во 11,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ја отворам Шеесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Кире Видимче, Фаик Абди и Димчо Настовски, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на денешната седница.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може половажно да одлучува.

На седницата поканети се претседателот и членовите на Владата на Република Македонија; претседателот на Републичкиот суд ски совет; претседателот на Основниот суд - Куманово и вршителот на должноста претседател на Основниот суд - Гевгелија.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе барање Владата ва Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Информација во врска со употреба на знамињата на други држави, во општините Гостивар и Тетово и за преземените мерки спрема сторителите на незаконските дејствија и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

I/2.-ДВ/МЈТ

До денес ваква информација Собранието не доби.

Молам претставник на Владата да се произнесе во врска со ова барање.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Во владина процедура се предлагање до Парламентот закони кои ќе ја регулираат оваа проблематика, а како што сте известени преку средствата за јавно информирање, преземени се и одредени прекршочни пријави против лицата кои направиле злоупотреба на овој план.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници.

Точно, информацијата тоа и го бараше.

Ние знаеме дека новиот закон е во процедура. Меѓутоа, овде не може да владее беззаконие. Некој закон мора да биде применуван.

Ние изнајдовме дека постои еден таков закон. Екс министерот за правда призна дека не забележал оти има со уставни амандмани измена на Законот за употреба на знамиња на етнички групи и националности, така пишува. Според тоа, нормално, секој прекршок треба да се санкционира.

Овие денови информирани сме дека се покренати прекршочни пријави, како што објасни и потпретседателот на Владата.

Информацијата точно бара, бидејќи за санкционирање на таквите прекршоци затоа што знамињата и во Тетово и во Гостивар и во други општини и натаму се вејат на јарболите пред Собранието, внатре во собраниски сали. Македонското знаме често пати се вади од тие собраниски сали, при некои други активности на политички партии.

I/3.-

На главниот влез на Собранието на општина Тетово ознаката на општината прво е напишана на јазик на националноста, а потоа на македонски јазик. Истите трансформации се направени и во сите простории внатре, што е спротивно на Уставот и законите каде во употреба е македонскиот јазик и кириличното писмо, а во единиците на локалната самоуправа, покрај ова може да биде и ознаката на јазикот на националноста, а не прво националноста. Значи неколку карактеристични прекршувања, со тоа што изјавите на оние против кои се насочени овие прекршочни пријави ја девалвираат позицијата на Владата и ресорните министерства, со изјави од типот дека немаат друга работа овие министерства па покренуваат прекршочни пријави итн.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Стојановски, јас се извинувам што ве прекинувам. Ве молам изјаснетесе дали го прифаќате одговорот на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Прифаќам дека законот што е во собраниска процедура објективно ќе потрае, а Владата треба да се произнесе по однос на сегашната состојба и сегашните законски акти и прекршителите на таа законска регулатива.

**ЉУБЕ ТРПЕВСКИ:**

Како што реков законот наскоро ќе дојде пред Парламентот. Одлуките што соодветните собранија ги имаат донесено, од страна на Владата се суспендирани и против прекршителите се преземени, односно поднесени прекршочни пријави.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро.

Комисијата за финансирање и буџет предлага од оваа седница на Собранието да се одложи расправата по Предлогот за донесување на законот за обезбедување на средства во форма на кредит, за предвремена исплата на дел од побарувањата на граѓаните по основ на штедни влогови, со Предлог на закон.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТАКИ ФИТИ:**

Ние и на матичната комисија го прифативме овој предлог, а исто така не се расправаше по Предлогот на законот и на останатите комисии, со образложението што го дадов таму а и овде ќе го повторам. Тоа е дека имаме новонастаната ситуација, со оглед на тоа што Народната банка на Македонија во согласност со своите овластувања побара од комерцијалните банки во Републиката и пошироко од други заинтересирани субјекти, евентуално да понудат програма за санација на состојбите во штедилницата "ТАТ". Таа за тоа даде и соодветен рок.

Јас колку што сум информиран од гувернерот на Народната банка на Македонија тој рок ќе истече во четврток и во петок, најверојатно гувернерот ќе донесе и соодветна одлука. Според тоа, имавме новонастаната состојба. Треба да видиме, ако се најде санатор, имаме друга санација, ако не се најде санатор веднаш после тоа Владата ќе го пушти законот во Парламентот и Парламентот ќе расправа по тој закон. Според тоа, ние прифаќаме да се симне од дневен ред.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Група пратеници од Пратеничката група на Либерално - демократската партија поднесе Предлог на резолуција за активностите за закажување на предвремени парламентарни избори и тој да биде разгледан на оваа седница.

Кон Предлогот се приклучи и пратеникот Томислав Стојановски.

Предлогот на резолуцијата ви е поделен.

Молам, еден од предлагачите да ја образложи потребата од итно донесување на оваа резолуција.

Има збор господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, дами и господа.

Како што ми е познато пред, некаде, месец ипол или два овде расправавме за две многу тешки прашања. Едното беше врзано за општата состојба во Македонија, иако се настојуваше да се врзе за меѓу-националните односи, се покажа дека не е тоа, туку општата состојба во Македонија и тенденцијата на продлабочување на економската и политичката криза во државата. Другата расправа беше по штедилниците.

Во врска со тоа, вие се сеќавате дека се направи обид од страна на премиерот да се добие на време и се вети една енергична борба против организираниот криминал. Беа давани рокови итн.

Друго ветување беше дека ќе се отвори дијалог со парламентарните и вонпарламентарните опозициони партии.

Ние и тогаш изразивме една недоверба во тие најави. Мислевме дека тие се само три, мислевме дека е невозможно Владата и партијата која го создава амбиентот за организиран криминал да се пресметува со него, од проста причина што тој организиран криминал ако не бил под така моќна заштита од власта и од политиката, не би можел ниту да биде организиран, ниту да се така развие како што беше опишан и овде од премиерот. Но, рековме да видиме како ќе се одвиваат работите, не преземавме никаква конкретна акција ниту некои конкретни предлози.

I/6.-

Сега на целата македонска јавност и е наполно јасно оти нема ништо од борбата против организираниот криминал, оти сите прикази завршија во некоја крајно неизвесна бирократска процедура, што велат од "понтие до пилат".

Констатираната дефицит разлика само во "ТАТ", меѓу паси- вата и активата е некаде 7 8 милиони ДМ, а да не зборуваме и за другите штедилници и другите форми на грабежи и за сите други форми на организиран криминал кои ја тресат државата, за состојбата во економијата, каде, всушност, е ликвидирана конкуренцијата како принцип кој го покренува развојот и создадени привилегирани монополски фирмички и фирми што преку нив само може нешто да се добие од работата овде, а во државата се знае, најголем порачател и купец, засега е државата, нејзините јавни претпријатија, нејзините органи и тн.

Во меѓувреме добивме укор и од највисоки, најугледни странски гости овде дека е неопходно да се пресметаме со организираниот криминал и со корупцијата, со монополите кои се создадени со закостената стопанска власт овде во државата, во стопанството која доминира и која не дозволува ништо да преживее и да почне со развој.

Ние знаеме дека, исто така, колку што е тешка таа ситуација, станува потешка заради нејзиното траење, но таа се продлабочува и се влошува.

Сега кога ви е јасно и на сите нам ни е јасно дека нема ништо од ветувањата за борбата против организираниот криминал. Ние причекавме да видиме како ќе изгледа тој дијалог што го најави претседателот на Владата.

Тој дијалог што се најави требаше да биде со парламентарните и вонпарламентарните опозициони партии за изборното законодавство и

рокот на изборите. Како што гледате наместо тоа е наместена шема, тој дијалог ниту да се знае со кого е ниту да се знае околу што е.

Во тој дијалог што требаше да биде меѓу опозиционите парламентарни и вонпарламентарни партии сега се вклучени партиите од коалицијата кои не се опозициони, туку се на власт, а се вклучени и оние кои ништо не претставуваат, не добиле ништо на изборите, или добиле минормни гласови и некои кои се направени да бидат опозиција на опозицијата, за да има доволен број на партии кои постојано ќе се јавуваат, како да се колебаат околу некои договори и решение и да биде невозможно да се постигне договор.

Ние, дури и во еден момент се позамисливме, можеби премиерот навистина намерава да помогне да се излезе и да се прекине економската и политичката криза во државата, да се излезе од неа. Мислиме и имаме впечаток дека самиот премиер и било кој да е на негово место нема позиција која може да го направи доволно моќен да може целата постапка и метод и целиот процес на дијалог да ги насочи во еден креативен правец, без оглед дали е тоа решителен или не, ако за него постои една огромна неизвесност, како во даден случај на негов исчекор да се однесе Парламентот.

Парламентот, ако од неговата говорница е најавен дијалог од премиерот за изборното законодавство и за предвремени избори и ако е тој дијалог најавен дека ќе се одвива со опозиционите партии во Парламентот и надвор од Парламентот, Парламентот е должен да преземе чекор на охрабрување на таа акција. Не смее да биде јавно инертен, како институција на системот. Треба да помогне со сопствени определби да се засили таа активност и да се најде излез кој го навестува и самиот премиер дека е спремен за тоа. Затоа ние предложивме овој пат една Предлог - резолуција, затоа што проучувајќи го Уставот и Деловникот, таа форма е најпогодна за нашата намера, во

која изложуваме еден мини план за демократски пат на разврска на економската и политичката криза и пресечување на можностите да се развијат радикални процеси, со ризик да минат и во насилни акти.

Овој наш предлог содржи три точки.

Првата точка е Собранието да донесе одлука со која Собранието ќе се распушти, односно ќе биде распуштено на 15.09.1997 година, со цел изборите за пратеници да се одржат во првата половина на ноември 1997 година.

Второ, Собранието на Република Македонија најдоцна до крајот на месец мај 1997 година ќе донесе одлука за избор на Влада на Република Македонија, составена од стручни лица кои ќе ја уживаат довербата на најголемиот број на партии кои освоиле повеќе од 5% од гласовите на локалните избори одржани во 1996 година.

Трето, Владата на Република Македонија ќе ги подготви и на Собранието ќе му ги предложи потребните закони и други акти за организирање и спроведување на парламентарните избори.

Собранието на Република Македонија ќе работи без пауза во текот на претстојните летни месеци за да ги донесе потребните закони и други акти за одржување и спроведување на парламентарните избори најдоцна до средината на месец август 1997 година, како и да ги избере сите органи задолжени со законите за спроведување на изборите за пратеници во Собранието на Република Македонија.

Предлагаме овој Предлог на резолуција да се уврсти во дневниот ред.

Собранието темелно и трпеливо да расправа по овој Предлог на резолуција.

Евентуално, ако треба да видиме кои нејзини исправки и дополнувања се можни.

Во основа намерата ни е да се покаже дека Собранието е спремно да расправа и да поддржи проект кој предвидува мирен излез од сегашната ситуација, излез кој ќе биде носен од институциите, ќе води кон нивна афирмација и ќе ја потврди нивната способност дека се непотребни било какви други форми на протест, на притисок, кои можат да ја загрозат вкупната стабилност на државата.

Според тоа, ве повикувам овој Предлог на резолуција да го уврстиме денес во дневниот ред на оваа наша седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Како што видовте и од попратното писмо овој Предлог на резолуција е доставен до Собранието денес во 7 и 25 минути. Јас ви го поделив непосредно пред седницата.

Кој е за предлогот на пратеничката група на Либерално - демократската партија, Предлогот на резолуцијата за активностите за закажување на предвремени парламентарни избори да биде вклучена во дневниот ред на денешната седница, молам да крене рака. (22)

Дали има некој против? (58) .

Дали некој се воздржува од гласање? (2).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господинот Андов има процедурално прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе, барам пауза од 1 час за консултации со пратеничките групи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлагам пауза до 13,00 часот.

(По паузата седницата продолжи во 13,15 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа. Има збор господинот Стојан Андов.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, ја баравме оваа пауза за да можеме во рамките на нашата Пратеничка група да поразговараме и проанализираме кој е вистинскиот резултат од ваквото определување на нашиот Парламент и да заземеме став по тоа.

Ние имавме навистина искрена намера во овие услови да помогнеме и оваа ситуација со голем емотивен набој во Републиката да добие и друга разврска, друго течение, овде да расправаме. Се разбира ние не можеме да изнудиме вие да гласате за оваа резолуција, да се донесе резолуцијата. Сакавме да расправаме да се покаже дека овој Парламент не е како оној поранешниот Бугарски и Албанскиот, кој одбија дијалог со опозицијата, па на масите им остана единствено решение да одат на улица и со митинзи да ги решаваат работите, па и со насилство. Ние не сме за тој начин на решавање.

Но овој Парламент исто така одби да води дијалог овде, одби да разговара, не да не ја прифати одлуката, туку одби да се разговара за неа, за резолуцијата.

Според тоа, на целата јавност и е сега потоплоно јасно дека таканаречениот дијалог на премиерот е само фарса да се забавува народот дека тој нема поддршка во својата пратеничка група, дека неговата пратеничка група не сака да разговара за дијалог, па оттаму со такво разбирање треба да се гледа и на неговите обиди да промовира овде дијалог.

Јас мислам дека сеуште не е испуштена шансата. Сега се донесе многу тешка и многу погрешна одлука. Но нашиот предлог останува. Ако преноќите исе премислите, прифаќаме итна седница само за оваа резолуција. Ако не сте во состојба сами да преломите, наскоро повторно ќе Ви ја предложиме и се надеваме дека ќе проработи одговорноста кај вас, совеста, свеста и дека навистина ќе помогнете во наоѓање пат да се разрешат сите овие натрупани проблеми и да се пресече патот на хаос кој на овој начин вие го создавате во државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, мислам дека се апсолутно непримерни компарациите на овој Парламент со оние што ги спомна господинот Андов од едноставна причина што Вашата пратеничка група е тука и има огромен број на пратеници и може внатре во Парламентот да дејствува, за разлика од другите кои не беа во Парламентот така застапени во Бугарија и Албанија.

И, второ, Вие денес во 7,25 часот утрово ја доставивте. Парламентот гласаше дали на денешна седница ќе се расправа. Никој не ја отфрли можноста по ваков документ Собранието да расправа. Според тоа вие денес ја доставивте и барате веднаш денес по неа да се расправа.

0диме понатаму.

Координаторот на пратеничката група на Либерално - демократската партија пратеникот Аце Коцевски, поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието да му достави Информација за опасностите од ширењето и користењето на дрогата и преземените мерки за нивно спречување и таа да биде разгледана на оваа седница.

Барањето е доставено до Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Владата на својата седница разгледуваше и усвои една целовита информација за проблемот на злоупотреба на дрогата, кој е во процедура, треба веќе да е доставена во Парламентот, така што ако не е во овој момент доставена, веќе веројатно на следата или крајот на оваа седница може да биде предмет за тоа, таа е веќе доставена до Парламентот за разгледување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

До овој момент во собраниската архива таква информација не е добиена но Владата може да се согласи да биде на дневен ред на денешната седница ако е усвоена од Владата.

Има збор господинот Фрчковски.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Информацијата е усвоена од Владата, меѓутоа за наредната седница еве мислам дека е најпримерно да биде ставена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Коцевски дали е тука, дали го прифаќа предлогот на господинот Фрчковски.

Има збор господинот Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, јас всушност само го обновив барањето кое беше доставено пред месец ипол дена и за кое добивме ветување тогаш на таа седница од потпретседателот на

Владата господинот Беќир Жута дека ќе биде за една од наредните седници. Доколку има цврста гаранција дека тоа ќе биде на наредната седница за 21 мај тогаш се согласувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, благодарам в ред е.

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за склучување ратификација и извршување на меѓународни договори,

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на Република Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со Предлог на закон,

3. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за заем помеѓу Владата на Република Македонија и Фондот за социјален развој при Советот на Европа, со Предлог на закон,

4. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската конвенција за заштита од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување и на Протоколот број 1 и Протоколот број 2 кон Конвенцијата, со Предлог на закон,

5. Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската повелба за локална самоуправа со Предлог на закон,

6. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја и за нивно уништување со Предлог на закон,

7. Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети меѓу Република Македонија и Република Турција, со Предлог на закон.

8. Предлог за донесување на закон за здруженија на граѓани и фондации,

9. Предлог за донесување на закон за безбедност на сообраќајот на патиштата,

10. Предлог за донесување на закон за извршната постапка,

11. Предлог за донесување на закон за македонските железници,

12. Предлог за донесување на закон за осигурување,

13. Предлог за донесување на закон за водите,

14. Предлог за донесување на закон за вршење занаетчиска дејност,

15. Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

16. Предлог на одлука за организација и делокруг на Службата на Собранието на Република Македонија,

17. Предлог за избор на судии на Врховниот суд на Република Македонија,

18. Предлог за избор на судии во основните судови во Република Македонија,

19. Предлог за избор на судии поротници во Основните судови во Куманово и Гевгелија.

Значи 19 точки за денешната седница.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Исто така имав еден предлог да се симне една точка од дневниот ред, меѓутоа, таа беше симната па ќе биде на наредната седница.

II/6.-

Значи, претпоставувам дека и таа точка не е вред да се дискутира денес. Така на време бев подготвен.

Меѓутоа, за оваа Шеесет и седма седница предлагам на дневен ред да се стави точката под итно - Барање за поднесување Информација од Владата на владеачката партија на Република Македонија во врска со употребата на националното знаме на Албанците во некои општини, Тетово, Гостивар, Осломеј, Зајас, Теарце и тн, и за преземените мерки за истакнување на истото и во другите општини, вклучувајќи ја и мојата општина "Крчова вериоре унике" односно Кичево, каде албанците живеат во мнозинство или во релативен број, како што е санкционирано во актуелниот устав на Република Македонија и во Законот за локална самоуправа, како и за активностите и за преземените законски мерки спрема подносителите на прекршочните пријави и повикување на таканаречени информативни разговори, дури и на некои градоначалници и советници албанци кои за знамињата донеле одлуки, советите на одделни општи ни додека подрачните министерства за внатрешни работи т.е. полицајците ја злоупотребувале службената должност. За ова не треба никакво образложение односно никаков коментар.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, не ве разбрав дали го прифаќате предлогот на Владата на оваа седница да не се расправа, туку Информација што беше по пред- лог на еден друг пратеник да се достави на следна седница на Собранието, на една од наредните седници.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Видете барањето на една информација со оваа мојата врска нема никако. Значи ова е не затоа што е подготвена односно бараната информација, туку ова е на време подготвено и да не беше таа информа- ција тука, денес и да се повлекуваше истото ќе беше доставено. Значи,

не е контраинформација, туку информација ова е моја и со таа информација нема никаква врска иако се работи за една слична работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Независно од различниот аспект на кој се гледа практично истата работа, а тоа е користење на знамињата на органите на локална- та самоуправа или злоупотребата, кршење на законот,зависно од кој аспект се гледа, Владата прифати освен оние мерки кои ви ги соопшти потпретседателот на Владата, а тоа е суспензија на тие одлуки и покренување прекршочни пријави против сторителите, а да прифати целината на Информацијата, кој метод нуди, колку такви прекршочни пријави се под- несени, ќе биде поднесена на една од наредните седници или за наредната седница. Така да понатаму по таа информација која ќе биде фактографска, може да се разгледува од Собранието од аспекти за кои пратениците сметаат за потребно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Добро вака, доколку Владата не е спреман денес под итно и усмено да дава таква информација, само да се знае, мојата информација е од друг аспект. Значи посебна информација, посебен одговор за тоа како што барам јас а не како што мислат другите. Нека биде, но за идната седница затоа што состојбата не е така едноставна, луѓето и понатаму, професорите интелектуалци градоначалници се земаат сеуште на информативни разговори,може да дојде до некаква криза за која јас не сносам никаква одговорност, ни морална ни материјална.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор госопдинот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа,од денешната седница како што имавме прилика да видиме на почетокот е симнат законот ха кредитирање или обесштетување на штедачите од Штедилницата "ТАТ", "АЛФА-С" и "ЛАВЦИ". Иако не се согласувам со таквиот на чин, но сепак што Владата го повлекува вред, но во рамиите на она што беше тесно поврзано со штедилницата и оние расправи кои ги имавме во овој Парламент во однос на штедилниците и другите форми на измама на граѓаните ви знаете каква атмосфера се створи во Републиката и како растеа тензиите од ден на ден.

Од тие причини, барам на денешната седница Владата на Република Македонија да поднесе Информација за досегашните активности на Владата и другите надлежни органи за активностите кои се поврзани со Штедилницата "ТАТ".

Имено сите овде кога ќе дискутираме се залагаме за институционално решавање на проблемите односно за разрешување на проблемите таму каде им е местото. Според мене, за разрешување на овој проблем покрај другите институции и за разгледување на политичкиот одраз кој што го имаше овој проблем во Република Македонија, едно од местата ако не и на изворното место е токму Парламентот. Но морам да констатирам дека ние како пратеници од онаа седница која што овде ја одржавме па до; ден денешен информации за се можеме да добиеме само од медиумите и испаѓаме најнеинформирани за ова прашање односно овој проблем во нашата држава.

Сметам дека оваа Информација е потребно да ја разгледуваме на денешната седница од неколку причини.

Прво, голем број на институции и лица беа споменувани и оценувани во текот на деновите од одржувањето на нашата седница за штедилниците, па до денес. За жал, морам да констатирам дека голем број на лица неосновано, но некако на тоа се запре. Морам да кажам дека меѓу другите беа споменати и осуммина пратеници, а меѓу нив и јас и така тие денови можеше да се чуе на ударните вести - вмешани 8 пратеници, осум пратеници поврзани со аферата "ТАТ", осум пратеници не знам што и само имињата ќе им се наброеа. Сметам дека тоа е една од причините заради која треба овде навистина да отвориме расправа во однос на ова прашање.

Втората причина поради која според мене би требало да отвориме расправа по ова прашање во Парламентот, сметам дека со одолговлекувањето на Информацијата посебно со тоа што можеме да чуеме дека и целокупниот извештај се прогласува за службена тајна, дури ние како пратеници не можеме ништо по однос на тоа прашање да бидеме информирани, сметам дека со еден таков начин расте тензијата на недоверба кон институциите на системот и расте мислењето дека целата работа се замаглува, која што е поврзана со штедилницата "ТАТ".

Третата причина заради која барам една ваква информација во Парламентот е тоа што сметам дека со отворањето на расправата Парламентот ќе придонесе да се канализира и правилно да се решава проблемот, а со тоа сметам дека ќе придонесеме за политичката стабилност во нашата земја и ќе придонесеме за спречување на радикализација на решавање на проблемите.

На крајот би завршил со тоа, сметам дека навистина пратениците ќе прифатат едно барање, односно прво сметам дека Владата ќе прифати вакво барање за информација на денешната седница, бидејќи навистина неможеме повеќе да ги затвораме очите пред јавноста за сите

работи кои се случуваат. Ние како пратеници секој ден се среќаваме посебно со штедачите на ТАТ и навистина не доведувате во една состојба да не поврзуваат со најразлични афери и најразлични дејствија кои се случуваат во државата, за тоа сте моќни преку медиумите да го направите и сметам дека треба да го прифатите таквото барање.

III/1.-РД/ОМ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, претставник на Владата да се произнесе по овој предлог на г-динот Најдовски.

**ТАКИ ФИТИ:**

Почитуван г-дине претседателе, почитувани пратеници се разбира дека Владата нема никаква намера да ја одолговлечува работата врзана за расчистување на случајот со ТА.Т и со другите штедилници, каде што на еден или на друг начин имаше форма на пирамидално штедење. Вие сите знаете дека владата онака како што беше и договорено и кажано овде пред овој Парламент, постапувајќи во основа по тие рокови, излезе со Предлог закон. Предлог законот е фактички една завршница, финале на тоа што и како Владата сака да преземе да се разреши тој проблем. Тоа што законот се одложи од оваа седница, во основа не е ниту вина на Владата, бидејќи од тоа што знаете гувернерот на Народната банка на РМ, во согласност со своите овластувања, даде можност за евентуално изнаоѓање на потенцијални санатори на штедилницата ТАТ. Бидејќи за тоа има определен рок, и бидејќи тој рок тече сеуште, а како што кажа гувернерот, во петок најверојатно ќе соопшти одлука дали ќе се оди со санација или ќе оди под стечај, натаму Владата која што го изготви законот и ги направи сите консултации, ги обезбеди средствата за кредитирање на предвремената исплата и т.н., сосема брзо ако не се најде санатор ќе излезе со овој закон и ќе има можност овој Парламент да разговара и по законското решение. Според тоа денес- ка не гледам никаква оправданост, Владата да поднесува информација за она што работела, ние имавме и конференција за печат, во конкретниот случај на ТАТ, излеговме со конкретен закон и на крајот на краиштата за да се даде информација, потребно е време, не може тоа да се направи на оваа

седница, бидејќи добар дел од работите врзани со штедилниците , по логиката на нештата се компетенција на Народната банка и таа ги водела работите. Што се однесува до тајност на извештајот треба од Народна банка да се побара извештајот , дали тој има таен или не знам каков карактер нека каже гувернерот на Народната банка. Немам ништо против да им се даде на пратениците. меѓутоа, не одлучуваме ние како Влада за тоа. Тоа е супервизија на Народната банка на Македонија. Згора на тоа за да се расправа за вака сериозна работа, треба и пишана информација. А во целата активност се вклучени и многу министерства, во зависност од нивните компетенции, не само едно или две министерства. Според тоа мислам дека е невозможно денес во отсуство на информација да се расправа за ова.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Најдовски, дали го прифаќате ова образложение.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, прво се потврди мојата констатација дека ние пратениците треба да се информираме од конференциите за печат кој што ги има Владата, наместо да добиваме овде изворни информации, затоа што г-динот министер Таки Фити рече дека за тоа поднел информација на конференцијата за печат со новинарите.

Јас реков дека јас не се согласувам со таквиот начин и барам изворно да бидеме информирани.

Втора работа, мислам дека погрешно се интерпретира моето бараше. Јас не барам да се стави законот на денешната седница, бидејќи уште од сега кажувам дека овој закон не го подржувам и се надевам дека ќе најде некое подобро решение Владата. Туку јас барам

Информација од активностите кои што Владата ги имаше и другите надлежни органи, поврзани со аферата ТАТ. Тоа се две различни работи. Јас морам да Ви кажам г-дине министер, јас не сум од оние кои што сака на улица да прави нешто, но не можам да се помирам ни со фактот што некој во оваа држава си дозволи името на мојата мајка која 40-ет години сади тутун Вие да ја сместите во октопод. И за тоа сакам овде да расправаме и за сите нас осум пратеници кои што бевме прочитани. Јас не гледам ништо друго зошто Вие за сите тие активности , а ова како пример го кажав само поврзано со нас, за сите други активности зошто да не поднесете информација овде пред овој Парламент, ако денес бидејќи тоа го рековте дека треба пишана информација. Ако денеска не можете тоа , еве се согласувам првата наредна седница што ќе ја имаме во среда поднесете комплет информација за сите активности поврзани со аферата ТАТ. Законското решение кое што Вие го предлагате е само еден сегмент од целокупната состојба која што беше поврзана со оваа штедилница и начин како Вие замислувате тоа да го разрешувате. Колку е тоа исправно ќе видиме кога ќе расправаме за законското решение. Јас не го поврзувам законското решение со ова, но исклучиво активностите кои што Владата и другите органи ги спроведуваат со аферата ТАТ.

**ТАКИ ФИТИ:**

Мислам дека г-динот Најдовски како пратеник најверојатно добро ги знае компетенциите на определените органи и институции, во конкретниот случај компетенциите врзани за работењето на штедилниците и т.н. Излегувањето на имиња не е работа на Владата. Супервизијата, како што знаете, ја вршеше Народната банка на Македонија. Одредени имиња што излегоа, што се дадени до соодветните јавни обвинителства и т.н. е работа на сосема други институции кои што во основа се независни. Според тоа, ако се сака да

се прави политички маркетинг и за се и сешто Владата да се обвинува, затоа што излегло име на овој или оној пратеник, јас лично мислам дека не е во ред што излегоа имињата, меѓу- тоа, многу добро знаете како беше целата таа процедура и тоа не беше работата на Владата. Згора на тоа, овој Парламент може да побара од гувернерот на Народната банка извештај за грото на активности што се врзани пред се со штедилницата ТАТ, како еден од најтешките случаи. Бидејќи целата супервизија и сите компетенции сврзани со контролата, јасно се лоцирани според нашите закони во Народна банка на Република Македонија. Владата за своите компетенции, може ако инсистирате да излезе со информација овде, меѓутоа, јас не можам да ја прифатам квантификацијата дека Владата не ги информира пратениците со информации. На крајот на краиштата и со законот кој што е доставен овде, меѓу другото може да се види не само суштината на решението, туку и основите што произлегуваат во делот на образложението од супервизијата на Народната банка . Ако сакате да го имате извештајот господа пратеници, ве молам да се обратите до гувернерот на Народната банка. Парламентот има право да побара да се достави тој извештај, за комплетната супервизија и сите наоди што се врзани со неа и ако тоа не се коси со постојните прописи за деловната тајна и т.н.,а мислам дека кога се во прашање пратениците нема проблем да го има тој извештај и да се види се што има во извештајот. Според тоа, не сакам да прифатам квалификација, дека ние не ги информираме пратениците, дека пратениците се информираат исклучиво од печатот и т.н. На крајот на краиштата и конференција за печат кога е ја води министерот, во конкретниот случај јас и гувернерот. И мислам дека уште тогаш ги кажавме многу од работите за пошироката јавност. Ако треба информација, поединечна, писмена за целата та активност за тоа треба време да се седне, да се напише, бидејќи господинот пратеник побара

денес да раcправаме на оваа седница јас само кажав дека ние навистина не сме спремни да расправаме на оваа седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на г-динот Најдовски молам, да крене рака? (22 пратеника).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Не еднаш сме реагирале за броењето од оваа страна. Пред мене тројца пратеници гласаа за. Од каде изборјавте од оваа страна еден.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи г-динот Најдовски се сомнева важи и за мојава десна страна. Кој е за , молам да крене рака? (26 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници. Предлагам да се симне точката 18 од дневен ред - Предлог за избор на судии во основните судови во Македонија, со образложение дека не е запазена истата процедура тоа што се однесувала на изборот на судии на Врховниот суд. Имено, додека за двајца судии во Врховниот суд се распиша нов конкурс и им се даде можност на сите заинтересирани кандидати да

конкурираат и да бидат избрани. Истото не се однесуваше и на изборот на судии во основните судови во Република Македонија. Имено, не се распиша нов конкурс, туку од стариот конкурс од кандидатите што испаднаа при првиот предлог се направи нова листа која што се предлага пред нас како пратеници.

Сметам дека не е запазена истата процедура, односно не ва- желе истите критериуми при предлагање на судии при основните судови, односно не е спроведена истата процедура како при избор на судии при Врховниот суд. Од оваа причина барам да се симне оваа точка од дневен ред да се врати повторно на разгледување, да се огласи избор на судии односно да им се овозможи и на тие кандидати кои што во времето кога е објавен првиот конкурс, односно оглас не ги исполнувале евентуално критериумите, а сега ги исполнуваат да можат да конкурираат рамноправно и да бидат избрани за судии во основните судови во РМ.

**МУБИЛ БЕЈЗАТ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, мислам дека постапката е запазена. Треба да се прави разлика, двајца судии за Врховниот суд се предлага откако се испразнети две места, двајца се отидени во пензија, и се донесе оглас за двајца судии, се пријавил кандидатите и тоа е се во ред и од тие кандидати се предлагаат сега двајца судии во Врховниот суд.

За основните судови овој предлог што е од законот за републичкиот судски совет ние предлагаме доколку тоа се места кои не се пополнети од пријавените кандидати уште пред година дена од огласот, ние согласно законот имаме право да предложиме на местото на оние кандидати кои не се прифатени, од пријавените кандидати да

предложиме нови по оценката на Републичкиот судски совет кој можат да бидат кандидати. Според тоа, постапката е запазена и нема потреба за основните судови да се донесе одлука и да се распише нов оглас, кога веќе имаме пријавени кандидати и од тие што се пријавени по наоѓањата, по оценката на Републичкиот судски совет, мислиме дека овие кандидати што ги предлагаме можат да бидат предложени и да бидат избрани. Според тоа, нема погрешка или разлика во процедурата, во постапката. Постапката е запазена од Републичкиот судски совет и молиме да се постапи по нашиот предлог.

**МЕВЉАН ТАХИРИ:**

Не сум задоволен од објаснувањето, имено и за изборот на судии во основните судови, се работи за исклучително долг временски период, како што и самиот претседател на судскиот совет истакна, се работи за период од една година. Во таа една година можело да настанат промени по однос на позицијата на одреден број на кандидати кои што конкурирале и сметам дека би било во ред да им се даде можност преку нов оглас, односно нов конкурс да можат да конкурираат сите тие што ги исполнуваат условите во сегашниот момент кога се избираат судиите. А не да се повикуваме на оглас кој што е стар една година. Впрочем за изборот на судии во Врховниот суд по таа иста логика би можело од старите пријавени кандидати само да се извлечат двајца и да се предложат во Врховниот суд. Но судскиот совет изгласил избор за тие еве испразнети места. Сметам дека и во овој случај би требало да се запази истата процедура.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи расправаме за утврдување на дневниот ред, расправа се разбира, не е дозволена, освен тој што предлага и претставник на органот што предложил таква одлука, или таков закон има право да каже се согласува или не. Меѓутоа, тоа е добар повод точката да ја прифа-

тиме во дневниот ред, па да расправаме тогаш . не значи дека ќе ги изبереме сите што се предложени или дека ќе расправаме тогаш.

Предлогот на г-динот Тахири го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (45 пратеници гласаа за).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Дали има уште некој предлог? (Не)

Со цел да се запознаете со одговорите на пратеничките прашања што Ви се поделени пред почетокот на седницата, предлагам пратеничките прашања да се поставуваат по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (76 пратеници)

Дали некој има против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Минуваме на точката 1 - Предлог на закон за склучување ратификации и извршување на меѓународни договори.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на член 3 став 1, член 5 став 2, членовите 6 став 1, 7,11 став 1 , 19 и 22 став 1 за менување на член 9 членовите 20

став 1 и 2 и член 21 став 1 и 2 по кој Владата не се произнела.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на член 4 став 2 на називот на главата по член 18 и на член 21 став 2 по кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани за менување на член 3, член 4 став 2, член 14 за бришење на став 2, член 16 и на член 21 став 1 и 2 и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Александар Гештаковски поднесе амандман на член 5 став 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Бидејќи амандманот се однесува на старата формулација на член 3 која е во меѓувреме изменета, амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (никој)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од пратеникот Александар Гештаковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 поднесен од ЗПК. Тој е со иста содржина, или е модифициран?

IV/2.-

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 1, 7,11, став 1, 19 и 22, став 1 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 9 поднесен од ЗПК.

**ЉУБОМИР ФРЧКВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 20 став 1 и 2 и 21 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

**ЉУБОРМИ ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 21 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

IV/3.-

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот законот го ставам на гласање?

Кој е за молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за склучување, радиофикација и извршување на меѓународни договори.

Минуваме на точката 2 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на СР Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката, со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на Работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

**ЗОРАН ШАПУРИК:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници сосема накратко сакам да изнесам еден свој коментар во врска со овој закон. Имено, и покрај тоа што е очигледно дека во некои општини одредени именувани и избрани лица претераа со утврдување на коефициентите, сепак

сметам дека овој закон е прилично рестриктивен во одредување на тие коефициенти и заради тоа можеби би било добро овој закон да оди во две фази, покрај тоа што е кус, не е доста сложен како што стои во образложението. Сепак, сметам дека на оваа седница би требало да се расправа за Предлогот за донесување , а предлогот на закон да го оставиме за една од наредните седници. Исто така, сосема кусо сакам да го прокоментирам предложениот коефициент за претседателот на Судскиот совет и за членовите на судскиот совет како и за секретарот на Судскиот совет. Сметам дека со овој закон овие коефициенти се дадени доста ниско, односно се спуштаат под оние коефициенти кои ги имаат досега и заради тоа би се довеле членовите на судскиот совет можеби во една помалку апсурдна ситуација д имаат помал коефициент од судиите, или еднаков коефициент со судиите на Апелациониот суд, а имајќи го предвид значењето на Судскиот совет и на задачите кои му се доверени со Законот и со Уставот сметам дека овој коефициент би требало да биде како што беше порано, односно малку да се покачи, да не се намалува со овој Предлог на закон.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници околу дилемите кои ги отвори г-динот Шапуриќ вам ви се поделени амандмани околу предлогот за менување на коефициентот за Судскиот совет што се доведува практично во досегашната состојба од страна на Комисијата за избори и именувања. Исто така, има и амандман околу градоначалниците во РМ. Така што дилемите кои ги отвора г-динот Шапурќ имаме шанса да ги измениме, односно да ги доведеме во ред со предложените амандмани. Според тоа сметам дека и неговото мислење е во функција на поднесените амандмани.

IV/5.-

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, изразувам резерва во врска со потребата за донесување на овој Закон за измена и дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците и другите именувани лица од следните две причини, затоа што ако се исправат овие да речам поправки од технички карактер каде што се бришат изразите "Социјалистичка Република Македонија и другите терминолошки одредници, суштината на Законот се сведува на две работи. Прво, на одредување на коефициенти на градоначалниците на единиците на локалната самоуправа и на Градот Скопје и на менување на коефициентите на претседателот на Републичкиот судски совет, членовите на Републичкиот судски совет и секретарот на Републичкиот судски совет.

Во врска со првиот дел околу одредувањето на коефициентите на градоначалниците на единците на локалната самоуправа и на Градот Скопје изразувам резерва во врска со потребата и овластувањето Собранието на РМ со закон да ја одредува висината на платите на градоначалниците на единците на локалната самоуправа и на Градот Скопје и затоа што мислам дека овој закон е закон со кој се одредуваат платите на носителите на функции кои ги бираат Собранието на Република Македонија. Мислам дека ова е мешање во изворните надлежности на единците на локалната самоуправа иако сум согласен да се стави одреден ред, меѓутоа мислам дека ова не е најадекватниот начин.

Второ, мислам дека е потполно неприфатлив предлогот и добро е што веќе има амандмани коефициентите за висината на платите на претседателот на Републичкиот судски совет, секретарот и членовите на Републичкиот судски совет да се смалат од една едноставна причина

затоа што Републичкиот судски совет е орган кој е врв на судската власт во РМ и мислам дека е непромислено, несфатливо и декгадирачки претседателот на Републичкиот судски совет да има ист коефициент со еден судија на Апелационен суд во РМ.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, пред мене г-динот Коцевски точно кажа она што треба да се каже. Меѓутоа јас не би бил доследен ако на оваа говорница не го повторам тоа во друго светло. Јас и на претходната седница кога зборувавме околу Законот кој пак длабоко задираше околу ингеренциите на локална самоуправа зборував за тоа колку Владата се интересира, или сака да се вовлече во локалната самоуправа. Овој Закон исто и проект каде што се однесува делот за платите, односно коефициентите на функционерите, односно на градоначалниците пак Владата сака да завлече,или да стави капа на тоа кој како треба да биде платен во локалната самоуправа. Мислам со тоа кажува дека таа е главниот бос фактички. Знаете, кој ви ја одредува платата, тој ви е газдата. Значи газдата е Владата на локалната самоуправа. Тогаш немаме локална самоуправа, туку имаме државна управа, односно имаме, можеби грешам во формулација, имаме локална самоуправа која е под капа дефинитивно под Владата на РМ.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас кратко сакам да се произнесам, меѓутоа лично сметам дека веќе се созреани комплетно условите да направиме еден нов закон кој ќе ги регулира овие односи баш во оваа сфера и не би дошле во ситуација сега од парче без одредени критериуми да утврдуваме вредноста на еден труд, на еден градоначалник, судија итн. Можеби правиме уште на

почетокот една основна и многу тешка грешка заради тоа што гледајќи го самиот закон кога ќе се осврнеме само на градоначалниците во РМ ќе дојдеме во еден извонреден апсурд. Еден критериум, значи практично тоа е апсурдно заради тоа што имаме само еден критериум број на жители. Меѓутоа јас ви тврдам дека имаме градоначалници кои зафаќаат по 540, па можеби и 600 км2 во еден регион во кој инфраструктурата, проблемите кои се присутни таму, тоа се толку тешки за да не може да се споредува со еден градоначалник на една урбана утврдена средина во која веќе имаме одредени односи на изградени комуналии, образовни, здравствени, електрификација итн. За жал меѓутоа ние уште на почетокот грешиме. Еден градоначалник во една локална самоуправа во Куманово примерно која за- фака повеќе територија од бившата да не кажам општина 1/3, односно 1/4 кој има неверојатно тешки проблеми на теренот, тој треба сега да има коефициент 2,20 односно се сведува во рамките на 12.000 односно 11.500 денари. Уште сега му потврдуваме дека: ти толку вредиш, толку се твои проблемите. И во таа насока мислам дека потребно е под итно да направиме еден нов закон кој ќе ги регулира односите дури и на пратениците, дури и на другите функционери и избрани лица во РМ. Во тој однос покрај ова што ги прифаќам овие измени, тоа се интервентни, меѓутоа добро е Владата да преземе чекори, посебно Ресорното Министерство да направи комплетен закон кој ќе биде квалитетен и ќе ги разреши сите овие проблеми бидејќи сега човекот не може да се снајде. Многу измени и многу надополнувања на овој закон и практично можеби имаме 5,6 измени, сега некој треба да има компјутер,па да ги смести таму за да на некој начин ја оцени правата ситуација. Инаку во принцип ги прифаќам дури и амандманите на претставниците на СДСМ на чело со Гештаковски кој предлага одредени

амандмани и ја подобруваат одредена состојба посебно во одредени општини. Инаку имам сериозна забелешка за судскиот совет заради тоа што се прави сега еден преседан. Едно време кога ги биравме ги утврдивме платите на 4, односно 3,70, сега ги сведуваме во некои други рамки.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, Сакав да предложам Законот сепак да се донесе во две фази, макар што мислам дека треба брзо да се донесе, бидејќи овој е закон кој што треба да служи како бајпас времено додека не се донесе комплетниот закон за наградување на државните органи во Републиката. Еве зошто мислам вод ве фази.

Прво затоа што треба да се расчисти прашан>ето околу Уставниот основ за наградување по републички критериуми на органите на локална самоуправа. Треба да се види тоа. Мислам дека не е изведено начисто со образложението и ова што ни е дадено како материјал.

Второ, мислам дека треба да се проучи другиот дел на истата материја, односно начинот на наградување, дали по број на жители, или некои други критериуми. На пример, може да се размисли и овој критериум. Ние имаме дефакто три облици на организирање на локална самоуправа на рурален ниво кои што не се толку урбанизирани, на урбален ниво и Градот Скопје. Дали се тоа три инстанци кои што можат да бидат средишта за одредување на внатрешна конструкција на наградувањето. Вака дадена просто по жители, мислам дека не е права мерка. Од овие две причини предлагам во оваа фаза да го усвоиме само

Предлогот за донесување, а потоа набрзо и Предлогот на закон.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри и пратеници,

Одредување на лични доходи секогаш е неблагодарна работа и сигурно дека некој ќе биде незадоволен, но дека ред мора да се постави, мора да се постави. Јас не се согласувам со дискусии дека личниот доход е само работа на локална самоуправа дотолку повеќе што ние знаеме дека многу единици на локална самоуправа ќе ги дотираме од буџет, од Република. И не може сега Владата да нема увид и да нема влијание во тоа што таму се случува. Па ние во претходниот мандат јас се сеќавам на два – три пати тука реагиравме за нереално високи лични доходи на претседатели на општински собранија каде што имаше коефициент дури 3.8, 3.7. Мислам дека треба да се стартува со овие лични доходи. Дискусиите од типот дека во некои средини градоначалниците ќе бидат преоптоварени. Јас веднаш ќе ги демантирам дека имаме сеуште голем број на градоначалници. Ќе ви кажам во тетовско има три градоначалника кои што сеуште функцијата ја обавуваат волонтерски. Значи редовно се вработени во работни организации. Значи не се преоптоварени. Ако има премногу проблеми за мене е незамисливо да се оди на работа во работна организација и да се биде градоначалник. Според тоа предлагам засега да има некоја регулатива. Тоа е ова што е предложено да има некој закон а понатаму ќе видиме, ќе се коригираме, ќе заживеат тие средини ќе видиме кои се оптоварени, каде се проблемите. Тие уште не заживеа, ние веднаш се

расправаме од она сепак што е периферно за тие единици, личниот доход на првиот човек. Дајте ние да прифатиме да не дојде да се бавиме со тоа што е сепак за мене периферно. Личните доходи не се понижувачки, пристојни се, корeректни се и со онаа напомена дека со амандмани ќе се решава проблемот и на онаа нелогичност кај Републичкиот судски совет.

**ВАНЕ НАУМОСКИ:**

Почитуван претседате,е, почитувани колеги пратеници, почитувани министри,

Законот во секој случај треба да постои бидејќи ова е дел од потрошувачката личната, заедничката и јавната потрошувачка во оваа држава се регулирани со законски проекти и затоа не го делам мислењето од оние колеги кои изнесоа дека нема потреба.

V/1 СП/ПН

**ВАНЕ НАУМОВСКИ: (**Продолжение)

Но, дали треба баш вака за тие критериуми, тоа е веќе друго прашање. Сакам да кажам неколку работи дека со новите локални избори и со новиот закон за локална самоуправа и териториајлна поделба што го донесовме, работите се изменија. Не е она што беше порано. Фактички сегашните претседатели и градоначалници земаат плати по некои стари одлуки и стари закони. Со ова, фактички, се врши досклопување. Го поддржувам изнесеното дали е најсоодветен критериумот или е дали само ова единствениот критериум, за мерилото за наградување. Тука може да биде и територијата и обемот на работата. Затоа сум на мислење дека делот на врзување со број на жители да отпадне. Едноставно, може само оваа бројка да остане да се даде право со овој закон од 2,2 до 3,7. Локалната самоуправа, Собранието, е тоа што носи буџет. Буџет, ограничен од ова Собрание во рамките на тој буџет ставка имаат личните доходи. Ако советниците му дадат на градоначалникот максимална плата 3,7 пола од буџетот ќе им го земе тој. Другото што ќе остане, ќе остане за нив. Фактички на некој начин ќе дадеме права на локалната самоуправа да му ја одреди платата односно коефициентот на градоначалникот, а сразмерно на него сите да се подредат. Може во пракса да се случи и вакво нешто. Заменик градоначалникот или претседател на Советот да имаат повисока плата. Сега ќе си земат за право советниците, ако имаат таква доблест, да му дадат повисока плата на градоначалникот да зема од 2,2.

Сметам дека оваа одредба тука да завршеше ќе беше најдобро со давање право на локалната самоуправа.

Инаку, друго нема што да кажам, едноставно за висината на платите не би кажал, бидејќи тие плати се ограничени со Законот за плати и другите плати во сферата кои подлежат на Законот се под ограничувања.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Не.

Има збор г-динот Мерсим Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа пратеници, со Предлогот за изменување и дополнување на законот аз личните доходи на пратениците и други избрани функционери од 1990 односно 1991 година се пропишуваат законски основи и се воспоставуваат коефициенти за определување на платите на судиите чиј извор и разрешување согласно членот 68 став 1 алинеја 15 од Уставот на РМ е во надлежност на Собранието на РМ како и именувањето и разрешувањето на јавниот обвинител и неговите заменици што исто така го врши Собранието на РМ врз основа на член 106 став 3 од Уставот на Републиката, а кои во Законот чија измена и дополнување се предлага не беа опфатени поради тоа што нивните плати ги определуваа општините.

Исто така со измените се пропишува законски основ и се востановуваат коефициенти за определување на плати на Народниот правобранител односно неговиот заменик согласно Законот за народниот правобранител, за претседателот, членовите и секретарот на Републичкиот судски совет, согласно Законот за Републичкиот судски совет, како и за градоначалниците на општините во РМ и за градоначалникот на град Скопје, како изборна единица за која во овој

предлог рамковна определба, рамковно ќе ги определи нивните коефициенти.

Врз основа на законски определените коефициенти со одлуки на соодветни државни органи и нивните тела Собранието на РМ, Претседателот на РМ, претседателот на Владата на РМ, се определува конкретниот коефициент врз кој се пресметуваат платите на носителите на функциите извршителите на работите и задачите на кои се однесува законот.

Со Законот се уредуваат и други прашања како што се правата на кругот на субјектите по престанување на функцијата потоа надоместокот на материјалните трошоци и други примања како и други прашања кои се уредуваат со закон.

Со измените што се предлагаат се пропишуваат коефициенти за утврдување на плата на одделни носители на функции кои по донесувањето на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на РМ и на другите избрани и менувани лица во Републиката, беа преземени од општините и средствата за нивните плати беа обезбедени во Републичкиот буџет.

Исто така се врши рамковно определување на коефициентите определени за платите на градоначалниците за определување на групи на општини според нивната големина односно според бројот на жителите со што ќе се придонесе на еден изедначен начин да се определуваат нивните плати. Иако не сме убедени дека во овој случај треба да се земе во предвид само овој критериум.

Со одредбите на Предлогот се врши и терминолошко усогласу-вање на овој закон со Уставот на РМ и се пропишуваат коефициенти за носители на функции кои по трансформацијата на општините од општествено-политичка заедница во единица на локална самоуправа,

преминаа во Републиката и нивниот избор односно разрешување е во надлежност на Собранието на РМ односно Владата на РМ, како и зас градоначалниците на општините и градот Скопје кој до сега не беа опфатени со закон.

На крајот уште би напомнал дека одредбите на овој закон не се донесуваат, се донесуваат за одредено време, како се изрази еден пратеник, еден вид бај пас и тоа до донесувањето на пакетот закони за државната управа, каде во посебен закон ќе се регулираат прашањата за платите на државните службеници, а следно тоа или паралелно со тој закон најверојатно ќе се донесе и закон за платите на избраните и именуваните функционери.

Мислиме дека овој закон треба да се донесе во една фаза, бидејќи има многу области, функции избрани и именувани кај кои има едно големо шаренило во исплаќањето на личните доходи на пример до сега личните доходи, како што реков и порано, на претседателите односно општинските судови ги одредуваше општината автоматски сега се наметнува императивно измена на тие одредби.

Прашањето со градоначалниците кои на некој начин е локална самоуправа кое е регулирано со закон за локална самоуправа, исто така остана нерегулирана работа и имавме големо шаренило и нелогични односи и пропорции така што се случуваше градоначалник со 5 илјади жители да има личен доход скоро колку еден министер што не значи дека во иднина кога ќе се спроведува и профункционира во права смисла на зборот глава V од Законот за локалната самоуправа, каде се предвидува начинот и изворите на финансирањето на локалната самоуправа оние единици односно општини кои ќе имаат можност, идеи да остваруваат поголеми изворни приходи не значи дека не ќе можат да користат бенефиции од тие средства кои ги оствариле со нивна заслуга,

V/5

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на СР Македонија, така е стариот закон, и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Кој е предложениот заклучок, молам да крене рака? (51)

Дали има некој против? (4)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака? (49)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека е усвоен Предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот по предлогот на законот. Комисијата за прашањата на изборите и именувањата поднесе амандман на член 8, по кој Владата не се произнела.

ЗКП поднесе амандмани на член 6 и за менување на член 10.

Владата на РМ поднесе амандмани за менување на член 3 член 5, став 5, член 6, за менување на член 8 и за додавање нов став 17-в и тие се составен дел на Текстот на предлогот на законот.

Комисијата за финансирање и буџет поднесе амандман за додавање нов член 3-а по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандман на член 8 за менување на новиот член 17-а по кој Владата не се произнела.

Пратениците Александар Гештаковски, Пецо Стојановски, Милчо Трајков, Јован Николов, Бранирод Михајловски и Митко Ристевски поднесоа амандман на член 8 за менување на новиот член 17-в по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Мешков поднесе амандман на член 8 во новиот член 17-в за додавање нов став 4 по ставот 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3-а поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Со оглед на тоа што ова задира директно во правата на пратениците односно нивните лични доходи на мислење сме дека ова треба прво да се разработи во службите на Собранието и службите да изградат свој став, а потоа да бидеме известени.

Според ова амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот, и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗКП.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 8 поднесен од Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот е ист со содржината на претходниот амандман кои се прифати.

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на новиот член 17-а, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Овој амандман е ист како амандманот на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата и амандманот се прифати, односно веќе е прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на новиот член 17-в, поднесен од пратениците Александар Гештаковски, Пецо Стојановски, Милчо Трајков, Јован Николов и Митко Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 10 поднесен од ЗКП.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 во новиот член 17-в, за додавање нов став 4 по ставот 3, поднесен од пратеникот Љупчо Мешков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Положани, заменик министер за правда.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот ан законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (51)

Дали има некој против? (1)

Дали некој се воздржува од гласање? (4)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за личните доходи и другите надоместоци на пратениците во Собранието на СР Македонија и другите избрани и именувани лица во Републиката.

Преминуваме на третата точка од дневниот ред – Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за заем помеѓу Владата на РМ и Фондот за социјален развој при Советот на Европа со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Договорот за заем помеѓу Владата на РМ и Фондот за социјален развој при Советот на Европа.

Кој е за молам да крене рака? (54)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Молам, колку пратеници има во салата. (61)

Значи, имаме кворум, но очигледно некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (58)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗКП поднесе амандман на насловот на Законот и на член 1

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман со иста содржина со амандманот на ЗКП.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот и на член 1 поднесен од ЗКП и од Комисијата за надворешна политика

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-ѓа Стојанова, заменик министер за финансии.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Почитувани пратеници, Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по Текстот на предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (57)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на Договорот за заем помеѓу Владата на РМ и Фондот за социјален развој при Советот на Европа.

Преминуваме на <u>4 точка</u> од дневниот ред - Предлог за донесување на закон аз ратификација на Европската Конвенција за заштита од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување и на Протоколот број 1 и на Протоколот број 2 кон Конвенцијата, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување закон за ратификација на Европската конвенција за заштита од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување и на Протоколот

број 1 и Протоколот број 2 кон Конвенцијата.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака

55 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Ве молам, или некој не гласал, или имаме проблем со кворумот.

VI/1/CJ/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно дека некој не гласал. Имаме кворум. Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање? (не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот. Законодавно -правната комисија поднесе амандмани на насловот на член 1 и на член 2.

Комисијата за надворешна политика поднесе амандман на истата содржина, со амандманот поднесен од ЗПК на насловот на член 1.

Отворам претрес по амандманот на насловот на законот и на член 1 поднесен од ЗПК и Комисијата за надворешна политика.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беќир Жута, потпретседател на Владата.

**БЕКИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК и со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Беќир Жута.

**БЕКИР ЖУТА:**

И овој амандман го прифаќа Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

61 пратеник гласа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Европската конвенција за заштита од мачење и нечовечко или понижувачко постапување или казнување и на протоколот број 1 и протоколот број 2 кон Конвенцијата.

Точка 5. - Предлог за донесување на закон за ратификација на Европската повелба за локална самоуправа со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Од цела денешна серија на ратификации се определив за оваа повелба, европска повелба за локална самоуправа затоа што сметам дека оваа конвенција е една од најважните конвенции односно повелби кои ги ратификуваше овој парламент како таков. Најверојатно и за оваа повел ба посебно искрено речено ќе ни требаше една дебела книга тие општински закони кои беа овде донесени, а посебно законот за локална самоуправа па да се анализираше член по член и да се вршеше една компарација токму со оваа повелба, меѓутоа тоа се одеше премногу и затоа не подготвив некој текст по аналитички, по научен. Се определив малку рафално, само за една кратка анализа и на крајот да видиме каде е Европската повелба за локална самоуправа, а каде сме ние кои веќе тие закони ги донесовме односно некои ги донесовте во ова Собрание, а од друга страна посебно како најважен, или еден од најважните закони е Законот за локална самоуправа иако некои ставови, некои параграфи, некои правни норми на некој начин ги инкорпорира во самиот закон односно ги има преземено од овие конвенции, во конкретниов случај од Европската повелба за локалната самоуправа. Меѓутоа, на некој начин ако се споредуваат поточно, аналитички еден по еден поконкретно ќе се види дека има и штимување не се ни составени добро, дури не се ни пренесени дословно каде што е потребно.

Не знам кој пример, јас само накратко би направил една анализа Овие конвенции, а посебно оваа повелба реков дека е една од најважните и сме се договориле дека сме без комплекси не да не гласаме никогаш туку кога треба да и оваа повелба е толку важна за една држава како нашава во транзиција, пренесување на таа традиција, на таа практика, демократска од Европа кај нас и уште е рано за тоа да адекватно ги спроведуваме посебно тие норми од Европа кај нас, ќе ни треба сигурно и време. Меѓутоа убедување има, па ќе видиме каде сме точно.

VI/4.-

Мене ме интересира од оваа конвенција, од оваа повелба односно од преамбулата, накусо само да погледам каде е повелбата, каде сме ние со тие наши закони, а посебно во Законот за локалната самоуправа со кои за овие три четири месеци сум бил повеќе поврзан и во практичниот живот токму во мојата општина во Кичево. За што се работи веќе сте доволно запознати.

Во самата преамбула вака се вели на едно место "локалната власт е една од главните основи на секое демократско уредување. На некој начин во нашите закони, посебно во Законот за локалната самоуправа стои, меѓутоа тоа што е основно и што е важно во една општина сепак тие ингеренции како што сме и правеле во ова Собрание точно е и моето излагање важи и денеска, значи да не се повторува и на некој начин сакам излагањето да го приклучам точно на овој записник, значи да не го повторувам сега овде, да не го поднесувам писмено или усмено.

Или пак правото на граѓанинот да учествува во водењето на јавните работи претставува демократски принципи што важи во сите земји членки на Советот на Европа. Да се начисто знае како се спроведуваат тие принципи и какви демократи сме во нашата локална самоуправа и со какви проблеми ние се соочуваме во секојдневието. Значи, од овој принцип ние сме многу далеку.

Или пак, најнепосредното остварување на ова право е можно токму на локално ниво. Ние денеска сме сведоци како се прекршуваат точно тие наши одредби кои се веќе тука донесени на локално ниво, значи централната власт веќе се вмеша таму каде што не и е местото.

Постоењето на локални власти со вистински одговорности може да обезбеди администрација која истовремено е ефикасна и блиска до граѓаните. Теоретски се согласив дека е така, а во практичниот живот тоа кај нас го нема.

VI/5.-

Или пак, зачувувањето и јакнењето на локалната самоуправа во различни европски земји претставува значаен придонес во изградба на Европа заснована врз начелата на демократија и централизација на власта. Ние повеќе пати тука во врска и со други закони сме изјавиле дека од ден на ден за жал, токму, во ова собрание се донесуваат закони, кои избегаваат од демократско однесување, точно се централизира од ден на ден самата власт и знаете каде ни оди, а за тоа ќе одговараат и утрешните демонстрации кои се закажани и пред ова Собрание.

Тоа подразбира постоење на локални власти кои поседуваат демократски избрани органи за донесување на одлуки и висок степен на автономија. Да не должам понатаму само да ви кажам во конкретниот случај за што се зборуваше денес значи советите на нашите општини донесуваат одлуки додека централната власт им ги оспорува и уште повеќе самите градоначалници кои се носители, претставници на таа локална власт кои се во исто време и извршни органи се преземаат на препишана па може би еден ден и на кривична одговорност.

Да не должам имам цел ред на овие работи, на овие членови и во самиот текст кои никако за жал да кореспондираат со нашата стварност во нашата локална самоуправа.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?(Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската повелба за локална самоуправа.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

58 пртеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Очигледно дека немаме кворум.

Пауза до 16,00 часот.

(Паузата започна во 15,50 часот.

(по паузата седницата продолжи со работа во 16,10 часот)

Продолжуваме со работа по Предлог законот за ратификација на Европската повелба за локална самоуправа со Предлог на закон•

Заклучокот гласи:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Европската повелба за локална самоуправа.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (61)
Дали има некој против? (нема)
Дали некој се воздржува од гласање? (никој)
Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот.
Кој е за молам да крене рака? (63)
Дали има некој против? (никој)
Дали некој се воздржува од гласаше? (нема)
Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.
Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.
ЗПК поднесе амандман на член 2.
Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК.
Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.
Молам претставникот на Владата да се произнесе.
Има збор г-динот Мерил Положани заменик министер за правда.

**МЕРСИЛ ПОЛОЖАНИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (61)

Дали има некој против? (никој)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека собранието го донесе Законот за ратификација на Европската повелба за локална самоуправа.

Минуваме на шестата точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за забрана на развивање производство, складирање и употреба на хемиски оружја и за нивно уништување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја и за нивно уништување.

кој е за молам да крене рака? (72)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака? (68)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман за додавање нов член 3 по членот 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3 по членот 2 поднесен од ЗПК.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Владата го прифаќа амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (73)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за ратификација на конвенцијата за забрана на развивање, производство, складирање и употреба на хемиски оружја и за нивно уништување

Минуваме на седмата точка од дневниот ред - Предлог за донесување на закон за ратификација на договорот за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети меѓу РМ и Република Турција, со предлог на закон.

VII/4

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на Закон за ратификација на договорот за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети меѓу РМ и Република Турција.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (77)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претреси и Предлогот на законот.

Кој е за молам да крене рака?(76)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претреси и предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор ? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес?

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и законот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (79)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на договорот за правна соработка во граѓанските и кривичните предмети меѓу РМ и Република Турција.

Минуваме на осмата точка - Предлог за донесување на закон за здружување на граѓаните и фондации.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Мерсил Положани, министер за правда.

**МЕРСИЛ ПОЛОЖАНИ:**

Дами и господа пратеници, прашањето со здруженијата на граѓаните досега беше регулирано со законот за општествените организации и здруженија на граѓаните од 1990 година.

Исто така оваа година имаше и посебен закон за здруженија на граѓаните на сојузно ниво.

Со предлогот за донесување на законот се уредуваат, начинот, условите и постапката за основање, регистрација, работење и престанок на здруженијата на граѓаните.

Понатаму, се врши дефинирање на поимите на здруженијата на граѓаните и фондации. Во тој поглед дадена е можност на граѓаните слободно да се здружуваат во здруженија на граѓани или да формираат фондации заради остварување на економски,социјални, културни и други права.

Фондацијата е определена како непрофитна организација која нема свое членство и чија цел на основање е управување со нејзиниот имот. Инаку тоа е нововоспоставена институција во нашиот поредок.

VII/6

Исто така се утврдува дека здруженијата и фондациите не смеат да вршат политичка активност ниту да користат свој имот и средства за остварување цели на политички партии. Предвиден е принципот на самостојност во основањето и работењето на здруженијата и фондациите, која самостојност е ограничена со принципот на легалитет, од една страна и со уставна одредба според која програмите и дејствувањето на здруженијата и фондациите не можат да бидат насочени кон насилно урифаше на уставниот поредок на РМ, поттикнуваше или повикување на воена агресија и загрозување на национална, расна, и верска омраза и нетрпеливост.

Здруженијата и фундациите имаат статус на правно лице.

Во Законот се предлага за своите обврски да одговараат со средствата со кои располагаат.

Здруженијата и фондациите дејствуваат на територијален принцип. Понатаму се утврдува статусот на здружението од јавен интерес да се определува од страна на Министерството надлежно за соодветната област што ја вршат здруженијата согласно законот според определените критериуми кои треба да ги исполнуваат.

Понатаму се предвидува Републиката да формира посебен владин орган за соработка со здруженијата, а тие својот извештај ќе го испраќаат до него.

Според овој предлог, се предлага постапка за упис, регистрација и бришење на здруженијата и фондациите.

Понатаму, се предлага регистарот да има карактер на јавна исправа. Исто така се предвидува начинот и постапката за упис во регистарот и начинот за престанок на здруженијата и фондациите.

По однос само на здруженијата на граѓаните се предлага во глава 2, како член на здружение може да биде секој граѓанин на РМ, а странски државјанин до колку е тоа предвидено со статутот на здружението.

Понатаму, како основачи можат да се јават најмалку 15 полнолетни граѓани, државјани на РМ со живеалиште во Републиката.

Како органи на здружението се предвидуваат: Собранието, Управниот одбор и надзорниот одбор.

По однос на финансирањето, се предлага средствата да се стекнуваат во членарини, прилози, донации, подароци и сл.

Се предвидува и престанок на работата на здружението.

Понатаму во глава 3 се предвидува можност за формирање на здруженија на странци. Досега тоа не беше регулирано, и дејствување на меѓународни и невладини здруженија.

Се предлага странците кои имаат престој или привремено престојување подолго од 1 година на територијата на РМ, по претходно добиено мислење од Министерството за надворешни работи и Министерството за внатрешни работи и одобрение на надлежниот суд на чие подрачје здружението има седиште, да можат да основаат вакви здруженија.

Понатаму, се предлага на територијата на РМ да се организираат меѓународни невладини организации, фондации и сојузи кои би се финансирале од билатерални и мултилатерални донатори.

Понатаму, се предлага, по однос на фондациите, тие да управуваат со сопствениот имот.

Фондациите се основаат на неопределено време, или додека се постигне целта заради која се и отворени.

Понатаму се предлага фондациите да имаат свои органи, управен и надзорен орган, а со статутот можат да предвидат совет и управен одбор.

Управниот одбор ја претставува фондацијата и има централно место во управувањето. Најмалку половина од неговите членови треба да бидат државјани на РМ.

Се предлага можност, по престанок на работата на фондацијата, средствата да се распределуваат меѓу лицата кои се овластени за тоа. Во случај да се работи за индивидуално лице, основач, тогаш средствата обично се враќаат на него. До колку со Статутот не е определено на кој субјект би се пренеле средствата, тогаш тие би се дале на хуманитарна организација.

Во овој закон се предлага и можност, здруженијата на граѓаните и фондациите да можат меѓусебно да се поврзуваат или здружуваат во сојузи и други облици на здружувања заради остварување на нивни заеднички интереси и прашања , како и нивна соработка, членување и поврзување со меѓународни организации и здруженија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-ѓата Николина Трајановска.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе почитувани претставници на Влада почитувани пратеници.

Денес пред нас се наоѓа предлогот за донесување на закон за здруженија на граѓани и фондации.

За важноста на овој закон нема потреба посебно да се зборува бидејќи таа е толку суштинска за демократските процеси кои се одвиваат во РМ.

Живееме во време кога на секаде одекнува повикот за слобода и демократија. Покрај политичката слобода многу е битна и граѓанската слобода, два основни критериуми за секоја демократија.

Здравото демократско општество не е само арена каде што поединецот може да ги исполнува своите лични цели. Демократијата цути онаму каде што ја негуваат луѓе подготвени да ја искористат тешко изборената слобода за да учествуваат во животот на општеството, придодавајќи го својот глас во јавните расправи, избирајќи претставници

кои се одговорни за своите постапки и прифаќајќи ја потребата од толеранција и компромиси во јавниот живот.

Долго се чекаше за донесување на овој многу суштински закон за демократијата во РМ. Неговата важност е толкава што бара редовна постапка во неговото донесување, т.е. неопходни се три фази .

Ако веќе чекавме толку за неговото ставање во процедура не мора сега набрзина да донесеме закон од кој нема да имаме корист и кој ќе претставува тесна рака за демократијата во РМ. Потребен е и нацрт на закон, потребни се и трибини на оваа тема, потребно е и науката да го каже својот збор, како би добиле добар закон што ќе биде во функција на слободата и демократијата, за граѓаните на РМ.

Бидејќи законската регулатива во оваа област е нова, т.е. претходно нема законска регулатива, веднаш се оди на пренормирање, што во стартот создава потешкотии во функционирањето на овие здруженија.

Пренормирањето на законот доведува до одвраќање на граѓаните да се здружуваат. Законот води во спротивен правец. Здруженијата ќе се баваат сами со себе, а не за она за што се формирани. Ова повеќе личи на закон за државни органи. Никаков ќар не е што наместо МВР, регистрација ќе врши судот. Сега се бара вкупна контрола на работата на здруженијата од извршен орган сеедно кој ќе биде тој. Здруженијата ќе се занимаваат со акти, ќе пишуваат извештаи.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА: (**Продолжение)

Органите на овие здруженија мора да бидат јасни, но не со вакви прописи кои граѓаните не ги познаваат во доволна мерка. Законот е многу ретрограден во однос на претходниот. Каков е тој владин орган што ќе ги чита извештаите? Тоа е невидена контрола.

А сега неколку начелни забелешки.

1. Нема оправдување за заедничко регулирање на здруженијата на граѓаните и фондациите, бидејќи станува збор за различни нешта. Со други зборови, за фондациите треба да се донесе посебен закон, бидејќи тоа е различна материја од здруженијата на граѓаните. Не е точна констатацијата дека здруженијата на граѓаните и фондациите дејствуваат во истоветна општествена област.

2. Нужно е попрецизно разграничување на здруженијата од јавен интерес и здруженијата од приватен интерес. Критериумите за нивно разграничување треба да ги содржи и самиот закон, а не тоа да го прави по своја оценка Министерството од одредената област. Секое здружение би требало да има право да конкурира за средствата од буџетот врз основа на поднесената програма за своите активности пред орган во кој учество ќе обезбеди, со стручни мислења надвор од извршната власт, и ќе се обезбеди транспарентност.

3. Во Законот подетално да се разработат облиците на здружување на граѓаните - сојузи, здруженија, друштва, организации, движења, подружници и други облици. Тоа е нужно ако сакаме да имаме јасна претстава за облиците на невладините организации на Република Македонија. Овие облици фигурираат како можни облици во одделот на странски и меѓународни невладини организации, но не и во делот посветен на здруженија на граѓаните на Македонија.

4. Нужна е поширока разработка на функциите и целите на здруженијата на граѓаните, за да се насочи нивното дејствување во одреден правец, т.е. развој на граѓанското општество. Не е доволно само наведување на уставните граници за дејствување на здруженијата, што го содржи членот 4. На пример, денес во Република Македонија постојат бројни формални и неформални групи кои се бават со духовен тероризам и други штетни појави.

5. Нужно е пошироко и поконкретно да се разработи доносот на здруженијата од јавен интерес кон политичките активности и државната власт.

Предложеното решение од членот 3 е многу ригидно. Овие здруженија можат да вршат притисок врз актуелната власт преку најразлични политички активности, поддршка на власта, протести против власта и давање инцијативи. Неопходно е значително менување на концептот, кој ќе биде сличен со законите на слободните демократски општества кон кои се стремиме.

6. Во врска со членот 11, истиот дух провејуваше и во првата фаза на законот за верски и религиозни групи. Неправилностите во работата треба да бидат утврдени во соодветните закони. Ако се работи за неправилности на финансиите да реагира Министерството за финансии итн. Тоа како концепт е неодржливо во демократски општества. Се оди на пренормирање. Ова укажува на опасен пристап, мешање

на државата во либералните права на граѓаните и се навлегува во внатрешната организација на здруженијата на граѓаните.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Овој закон претставува регулирање на еден многу важен сегмент на развојот на демократските процеси и демократијата во Република Македонија. Овој закон ги регулира здруженијата на граѓаните и фондациите како невладини и непартиски организации.

Меѓутоа, она што изненадува со овој закон, тоа е преголемо нормирање од страна на предлагачот. Бидејќи оваа сфера како сфера на невладини непартиски организации, како сфера од демократијата и како една сфера која треба и понатаму да се развива автономно со што помалку мешање од страна на државата, сметам дека законот треба да ги предвиди само основните рамки во кои би се движеле овие организации, односно овие здруженија и фондации. Оттаму, тие со своите правила, со своите статути би требало да си ги регулираат начинот на своето работење, условите на нивно формирање и низа други одредби кои се поврзани со нивното тековно работење. Оттаму, тоа треба да биде регулирано со акти, а не на ваков начин со стриктно предвидување на условите на законот.

Исто така, некои работи се предвидени кои значат голема централизација и потенцијална можност за владина контрола врз овие инаку невладини организации. Предвидено е да доставуваат извештај до некој владин орган или едноставно - ќе бидам само краток бидејќи претходниот дискутант тоа пошироко го елаборираше - предвидено е невладините организации да доставуваат годишен извештај, па дури и за свои финансиски активности итн. Сметаме дека тие треба да бидат автономни и доколку се движат во основните рамки на законот и основните рамки на своите правила, односно статути не би требало да доставуваат извештај до некој владин орган, комисија итн., бидејќи со самото ова станува дискутабилно прашањето дали воопшто е потребен

некој владин орган кој ќе ги координира работите на овие невладини организации и фондации.

При престанување на овие фондации и здруженија е предвидено дека судот може да донесе одлука здружението да престане со работа доколку средствата за остварување активности на овие здруженија се недоволни или постојат некои слични формулации - ќе бидам сосема краток бидејќи ова е прва фаза на законот. Сметам дека судот не би можел да оценува колкави средства се потребни на една фондација или на една организација. Тоа е нивно автономно право и оттаму сметам дека во наредните фази законот мора да биде многу полиерален, да има полиберален пристап кон овој сегмент, бидејќи овие организации можат да бидат навистина камен - темелник на демократијата, а од друга страна, доколку се ограничат, може да бидат сопирачка на демократските процеси во Република Македонија. Оттаму, сметам дека нивниот статус треба да се определи на сосема поинаков начин во натамошните фази на овој закон.

Исто така, во законот е предвидено дека оние организации и фондации односно пред се организации и здруженија кои се од јавен интерес, контактираат односно критериумите за тој јавен интерес ќе ги одредат соодветните ресорни министерства. Сметам дека во самиот закон треба да се предвидат некои критериуми за да се види на кои организации и здруженија се мисли и да се посочат, по можност, во законот. Ако се мисли на Црвениот крст, секако, тоа е една невладина организација, непартиска која е од јавен интерес и таа треба да влезе во законот, но ако се мисли на здруженија на резервни воени старешини и некои други такви слични досегашни организации, нивните критериуми за нивната јавност треба да бидат утврдени во закон, а не да го прават тоа ресорните министерства, бидејќи би се довеле во состојба да имаме централизација таму каде што не треба, бидејќи таа е доста присутна во

сите сфери на општественото живеење и би морало да се даде поголем простор за нивна автономија. Се разбира, постојат и други посебни специјални закони со кои се предвидува работењето на сите институции, а не само за организации. На пример, ако вршат дејности кои се надвор од интересите односно опасни по безбедноста на државата итн., меѓутоа, тоа не би требало со овој закон да се поставува, бидејќи постојат други посебни закони кои би го попречиле тоа.

Затоа, уште еднаш апелирам до предлагачот во наредните фази да го има предвид ова и да остави поголем простор за автономија на овие фондации и здруженија на граѓани и поголем простор за нивно слободно делување, со цел да имаме една добра база за развој на демократијата, бидејќи овие организации како невладини, непартиски може да делуваат само доколку нема мешање преголемо на државата, односно никакво мешање на државата во нивното делување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани колеги, со оглед на тоа што е надминато времето на постојниот закон за организации и здруженија од 1990 година, давам поддршка за донесување на овој закон, заради тоа што мора да имаме закон кој ќе кореспондира со државното уредување на Република Македонија, но укажувам и на потребата од кореспондирање и со постојните меѓународни стандарди на работењето на вакви невладини организации.

Со овој закон се како е направен обид да се обликува една легална рамка, што ќе овозможи реализација на граѓанското општество, што ќе рече реализација на човекот како индивидуа, неговите права и слободи. Ова затоа што секое запоставување на правата на човекот особено

слободата и еднаквоста како вродени природни права, неисклучувајќи ги и политичките, економските и социјалните права, се единствената причина за несреќите што се јавуваат кај народот. Прифаќањето на новата политичка мисла како уверување дека човекот се раѓа слободен, еднакво со сите во правата и обликуваше на истите во една легална рамка за самоостварување на човекот како битие мисловно, за мене значи и еден радикален и иден прекин со старата политичка мисла дека луѓето по природа и раѓање се нееднакви, некои слободни и привилегирани, а други неслободни односно обесправени. Човекот навистина се раѓа слободен, меѓутоа целиот свој живот се бори за слобода и никогаш не ја остварил истата до крај, се бори за своето достоинство, затоа што постојано се судрува со обидите за потценување, ограничување, обесправување, што често го наметнува било која политичка власт.

Поаѓајќи од тоа дека демократијата не е само основа за обликување на една политичка власт, за нејзино конституирање или пак како средство за ограничување на преголемата моќ на постојната власт во однос на човекот, туку потребно е нешто повеќе и во тој контекст го поддржувам правното моделирање што се иницира со овој закон за здруженија на граѓани и фондации.

Меѓутоа, како нова и прифатлива за мене ориентација на овој предлог за донесување на закон за здруженија на граѓани и фондации добро е што се напушта Министерството за внатрешни работи како еден орган во кој сепак главно е сместена репресивна ориентација, покрај превентивната, и што регистрацијата се дава на независното судство.
Исто така, во однос на фондациите сакам да кажам дека е потребно со овој закон подобро нивно правно обликување од причина што движењето на финансиските средства, кои доаѓаат во тие фондации, мора да имаат идентифициран влез, а исто така и излез преку финансиските институции на системот, дали Заводот за платен промет или банките - повод,

причина, што потребно е овој закон да има предвид какво е потеклото на парите што доаѓаат во одредени фондации, за да можат фондациите да одговорат на целите на граѓанското општество како хуманитарни, јавни, а не да послужат како сектор низ кој што е можно да се врши "перење на пари", било да се излезени од државата по легален начин, излезени по нелегален начин, а да им овозможиме влез низ овие фондации по легален начин, со оглед на тоа што ние во Република Македонија немаме донесено закон за спречување на инкриминираното дејствие "перење на пари",иако во постојниот кривичен законик сме кажале дека тоа претставува инкриминација.

Што сакам да кажам? Дека предлагачот треба да обрне внимание на моделот и на функциите на фондацијата.

Исто така сугерирам дека во изработката на овој важен закон потребно е предлагачот да изврши консултација со веќе постојниот меѓународен центар за непрофитно право, за да имаме добар закон, заради кореспонденција на нашиот модел со моделите на невладините организации карактеристични за земјите на Европската унија. Ова затоа што токму преку овој закон се регулира една од најчувствителните области на човечкиот живот, која дава живот на слободата на говорот, изразување на индивидуалните иницијативи на граѓаните, обликувани во еден легален ентитет, закон.

Имам убедување дека овој закон дава простор за изразување на слободната иницијатива на граѓаните како јавен интерес за прашања од невладината сфера, меѓутоа, ценам дека сите тие невладини организации што ги овозможил законот да профункционира легално и легитимно во Република Македонија, мора да бидат интегрирани во едно тело, една капа на ниво на Република, тело кое не би го сместил во Владата затоа што се невладини, но тело кое ќе функционира како независно тело во кое ќе членуваат луѓе од углед, луѓе од сите области

на науката и културата, за да се овозможи преку тоа тело коресподенција на Владата со иницијативите или коресподенција на Парламентот со тие граѓански иницијативи.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ**:(Продолжение)

Сумарно гледано за да се регулира областа на невладиниот сектор и соодветно да се регулираат легислативните и фискалните прашања треба секако да се користат и изворите на националната легислатива, легислативите на другите држави за да се добие едно компаративно искуство како информација за состојбата и дејствувањето на организациите, здруженија и нивните проблеми.

Новиот закон мора да даде и точен опис на карактерот на разновидните легални форми и фондации и асоцијации како што веќе спомнав. Суштината на постоењето на невладините организации, нивните статутарни услови, нивниот идентитет, целите и функциите на истите, условите на зачленување, како и определениот број на граѓани потписници за да истите се основаат, бидејќи мора да постои различна потписна кондиција на бројот на членовите ако се сака да се основа здружение, асоцијација или фондација.

На крајот треба да се потенцира дека мора добро да се извади од Уставот и да се набележи целокупната лепеза на граѓански слободи и права за да може тоа да влезе во една легална рамка на еден закон со кој што сакаме да го изразиме постоењето, функционирањето на цивилното општество во Република Македонија.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сигурно неоспорно е дека регулативата ќе го реши ова прашање. Основен проблем кој што ќе ни биде понатаму и сега присутен, како овие здруженија, фондации, асоцијации, хуманитарни организации да ги елиминираме од влијанието во политиката. Сметам дека тоа е суштинско прашање кое што прашање исто така дали може со еден ваков закон

да се регулира. Се друго ќе биде регулирано такстативно не е проблем ни регулативата дали е таа многу рестриктивна или не. Прашање е сега ние во овој период имавме случаи хуманитарни организации кои што се користеа во политички цели, дури кои се издвоија и по верска и по национална основа, што не смее да биде. Хуманитарна помош насочена во одреден временски период и нормално дистрибуирана пред одредени верски празници. Не е тоа случајно. Велиме формирање на организации и потоа нивно асоцирање под една капа. Кој ќе биде капата тој ќе го има влијанието. Разно разни активности на еколошки и други друштва, заедно со ограноци на партии веќе станаа секојдневие. И се среќаваме околу нас во животот. Дали овој закон ќе успее, не да го намали, не да го елиминира, туку да го направи влијанието на политиката минимално Спротивно се другото ќе ни биде еден маневар за да може да се обавуваа разни работи.

И на крајот ќе бидам слободен долго време ме измачува функцијата и улогата на фондацијата СОРОС во РМ. Дали е спремен заменикот министер да ми каже во две три реченици , оваа фондација каде ќе се најде во овој закон и дали може да се калупи во овој закон.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, ја подржувам потребата за донесување на овој закон. Мислам дека тој ја дополнува, би рекол, легитимацијата за демократизација на државата и регулира една област важна за слобода та и правата на граѓаните.

Во однос на постојниот закон овде е новина што регистрацијата веќе нема да се врши во Министерството за внатрешни работи, туку таа ќе премине во надлежност на судовите и се разбира понатаму доколку

странката не е задоволна од решението на судот може да се жали сега не до второстепена владина комисија туку да се жали до Апелациониот суд, што мислам дека е сосема во ред.

Мојата забелешка се однесува на два члена, на членот 11 и на членот 88 . Во членот 11 се вели дека годишните извештаи овие организации ќе ги испраќаат до владин орган која што владата посебно ќе го формира, значи ќе се создаде еден нов орган, повторно зголемување на администрацијата, а од друга страна овие здруженија на граѓани кои се во принцип автономни ќе треба извештај за својата работа да и доставуваат на Владата. И сега овие организации доставуваат извештај за своето финансиско работење во Заводот за платен промет од оваа година и во Управата за јавни приходи, што значи сега треба да се достави извештај и до некој трет орган, ако земеме предвид дека и Заводот за платен промет и Управата за јавни приходи се државни органи, значи сега треба на трет државен орган да му се доставува извештај кој што под изговор дека со тоа ќе се зголеми транспарентноста, односно јавноста на работата во овие организации. Не ценам дека ако на Владата и доставиме извештај дека со тоа е зголемуваме транспарентноста, можеби ако ставиме еден член со кој што на јавноста мора да и бидат достапни сите информации за работата на друштвата, на сите овие организации ќе осигуриме една поголема транспарентност.

На членот 88 мислам дека не е доволно јасен, можеби изготвувачот јасно го разбира, меѓутоа, не е доволно јасен што со овие постојни организации како тие ќе се пререгистрираат. Таму стои еден член меѓутоа не е јасно дали нова процедура ќе се отвори, или па автоматизам ќе помине во сите кои што се регистрирани во Министерството за внатрешни работи по автоматизам ќе се пререгистрираат во судовите,

или секоја организација треба нова постапка да поведе. Мислам дека има потреба од мало допрецизирање тука.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој се јавува за збор? (Никој)

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Прво Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за здружение на граѓани и фондации.

Второ Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за здруженија на граѓани и фондации при што ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела и укажувањата од расправата на седницата на Собранието.

Трето овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда на Република Македонија.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе јас се извинувам, предлагам постојниот заклучок да го модифицираме, имајќи ги предвид и извештаите на работните тела кои даваат одредени забелешки на законот, и имајќи ги предвид некои од дискусиите овде. Јас се согласувам дека законот е добар и законот мислам дека почнува да премостува една ситуација која станува несносlива во државата со здруженијата на граѓани кои имаат не дефиниран статус во новите услови. Да потсетиме дека по мои согледувања се работи за закон кој ќе одреди и функционирање и на

здруженија кои сумарно земено сигурно имаат над двеста иљади членови во државата, ако не и повеќе по разни основи. Мислам дека Собранието нема ништо да изгуби ако овој закон го гледа во три фази за да може Владата сите овие забелешки да ги види, да ги систематизира, да направиме во Собранието уште еден напор да го гледаме како нацрт закон и со една почиста ситуација да одиме на конечната верзија, за да не се случи/да дојдеме во втората фаза нешто прифатено од Владата нешто не прифатено. Има одредени забелешки и јас имам не ги повторувам, мислам дека во органите кај што се во преодните одредби во функционирањето има потреба Собранието уште еднаш да погледа верзија за која концепциски ќе се согласи да влезе во фаза на завршна расправа со амандмани, само за финеси, а не и за концепциски разлики помеѓу Владата и Собранието евентуално. Од тие причини предлагам претседателе Собранието да донесе заклучок со кој ќе ја задолжи Владата да достави нацрт закон и се надевам дека тоа нема да ја долговлечи процедурата повеќе од што е предвидено за донесување на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали претставникот на Владата го прифаќа овој предлог.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Овде е општа констатацијата дека веќе доцниме со овој закон кој со уставниот закон со член 8 тоа требаше да се направи веќе во рок од 6 месеци по стапувањето во сила на Уставот. Мислам дека е крајно време оваа работа да се заврши. Прифаќам дека многу забелешки кои беа искажани овде можат многу да придонесат при изработката при предлогот на закон кој јас мислам во рок од триесетина дена повторно ќе се најде во ова Собрание, а дотогаш она што евентуално не се рече

денеска ќе се искаже преку уставни амандмани и ќе имаме време околу тоа да расправаме. Останувам на ставот на Владата овој закон да оди во две фази.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Бидејќи претставникот на Владата не се согласува со овој предлог, јас предлогот на г-динот Поповски го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (27 пратеници)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој е за предложениот заклучок, што јас го предложив, молам да крене рака? (57 пратеници)

Дали некој има против? (1 пратеник)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Преминуваме на точката 9 - Предлог за донесување на закон за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Предлогот за донесување на закон и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор.

**ГАЈТАНОВСКИ**

Почитуван претседател, почитувани пратеници. Работата во областа на безбедноста на сообраќајот на патиштата утврдени се со два закони и тоа: Законот за основите на безбедноста на сообраќајот на патиштата "Службен лист на СФРЈ" 50/88, 80/89, 29/90, 11/91 и "Службен

весник на Република Македонија" број 12/93 кој Закон согласно членот 5 на уставниот закон за спроведување на Уставот на РМ се применува како Републички закон и со Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата "Службен весник на СРМ" 21/84, 31/84, 32/84 и "Службен весник на Република Македонија" 55/91, 12/93 и 8/95 година.

Правилата за безбедноста на сообраќајот на патиштата регулирани се и со меѓународна конвенција за сообраќај на патиштата која со Одлука на Владата на РМ од 28 јули 1993 година е прифатена и стана составен дел на внатрешниот поредок.

Исто така прашањата на безбедноста на сообраќајот на патиштата се уредени и доразработени со повеќе од 30 законски акти и прописи. Ваквата затегната регулатива во областа на сообраќајот се покажа како нерационална и обременета со потешкотии со спроведувањето на конкретните одредби , не потребни повторувања на делови од одредби во двата закони и од сето тоа произлезе потребата оваа материја да се уреди со нов единствен закон за безбедност на сообраќајот на патиштата. Од друга страна, досегашната приемна на постојните закони и покрај повеќето нивни измени укажа дека некои одредби треба да бидат изоставени од причина што немаат безбедносен карактер и предмет се на уредување на други закони. Одредени одредби треба да бидат дополнети, потоа да се предложат нови материјални казнени одредби, да се изврши подобрување на поедини решенија, се со цел за поефикасно постапување на надлежните органи. Содржината на законот е доста обемна и презентирана е во 12 глави во кои детално се дадени правилата на безбедноста на сообраќајот на патиштата и се утврдени соодветни казнени санкции за непочитување на тие правила. Инаку, целта на предложениот закон и висината на казнените одредби се во функција на обезбедување на зголемена дисциплина на сите директни и индиректни учесници во сообраќајот, односно голема безбедност на

сообраќајот на патиштата. Инаку состојбата во безбедност ана патиштата е многу неповолна со висок степен на загрозеност на учесниците во сообраќајот и на материјалните добра. Така, минатата година на патиштата во РМ се случиле 2618 сообраќајни незгоди со потешки последици, во кои настрадале вкупно 3551 лице од кои 154 загинале. Можам да кажам дека оваа бројка е една константност последниве 5-6 години на патиштата на РМ, просек годишно во сообраќајни незгоди животот го губат од 150 до 180 граѓани.

причинетата материјална штета од сообраќајните несреќи е огромна, така да таа во минатата година изнесуваше некаде околу 9 3 милиони денари. Најголемиот број на сообраќани незгоди ги предизвикуваат возачите од вкупниот број на случени сообраќајни незгоди 2167 или 82,8% се причинети од возачите. За неповолната состојба на безбедноста на сообраќајот е резултат на повеќе објективни но посебно и на субјективни причини и во овој дел влијанието на субјективниот фактор е доминантна и резултат на ниското ниво на сообраќајно –т ехничката култура на учесниците во патниот сообраќај, непостоењето на свест за самозаштита во оваа област, што се манифестира со масовно кршење на сообраќајните норми и предизвикуваше на сообраќајни незгоди.

Би завршил со тоа дека пред поднесувањето на предлогот текстот на законот во врска со текстот на предлогот аз донесување на закон, направени се пошироки консултации, работниот текст на законот е доставен до повеќе асоцијации и органи и организации кои имаат некаква надлежност во овој дел од кои расправи се доставени доста предлози и сугестии и забелешки кои се имаа предвид при концепирањето на текстот. се надеваме дека и на денешнава расправа во таа насока ќе има значаен придонес.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Го прифаќам предлогот за донесување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. По овој Закон имам само една забелешка станува збор за регистрацијата на возилата. Имено во член 327 се предвидува и земјоделските трактори да подлежат на регистрација исто како и другите возила што учествуваат во сообраќајот. Имајќи ги во предвид тешките состојби во кои што се наоѓа нашето земјоделство од една страна, и малото и повремено учество на тракторите во сообраќајот мислам дека тракторите што служат за извршување на разни земјоделски операции: сеидба, орање, или превоз на родот од нивата до дворот на земјоделецот, или до откупните станици не треба да подлежат на регистрација. Наместо регистрација да се воведе употреба на зелените таблици кои пред десетина години од непознати причини беа укинати. Се надевам дека предлагачот ќе го прифати ова барање и овој предлог ќе најде место во споменатиов закон. Мислам дека ќе направиме уште една голема неправда кон земјоделците ако тие се задолжат да; ги регистрираат своите земјоделски трактори. Неправда ќе биде ако тракторот кој од дворот до нивата треба да се вклучи во сообраќај да мора да биде регистриран и да плака високи давачки за регистрација, или би рекол да оди родот од еден хектар за регистрација на еден земјоделски трактор. Значи барам член 327 да се брише, или пак овие земјоделски трактори да бидат вклучени во член 325 каде што се направени исклучоци кои возила не подлежат на регистрација. Инаку да потсетам на тоа дека во нашава држава има преку 60.00 0 земјоделски трактори. Она што го кажа г-динот за сообраќајките што се направени во

текот на минатата година, мислам дека многу мало е учеството на тракторите во предизвикување на овие сообраќајни незгоди. Се надевам дека и другите пратеници од село ќе го поддржат ова барање.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Дами и господа пратеници, ова што ќе го кажам на некој начин ќе биде и содржина на расправата која што се водеше во Комисијата за сообраќај и врски, а делумно и мои лични забелешки по однос на Предлогот за донесување на овој Закон. Во прв ред би сакал да го изнесам ставот на Комисијата дека причините и начелата врз кои што се засновува донесувањето на овој закон беа поддржани од страна на Комисијата и исто така и самата концепција на Законот кој што се предлага од страна на предлагачот. Во самата расправа беа изнесени одредени забелешки по однос на некои прашања кои што ќе се обидам да ги изнесам пред вас, и пред предлагачот на овој закон за да ги имаат во предвид во натамошната фаза на донесување на овој закон.

Во прв ред би сакал да го истакнам ставот на Комисијата кој се определи за обичната алтернатива во глава IX член 395 каде се предлага основање на совети за безбедност на ниво на Републиката и на ниво на општината, односно Градот Скопје кои што би имале за задача промовирање на разни активности за зголемување на безбедноста во сообраќајот. Како алтернатива е дадено бришење на оваа глава, односно овие членови, односно постоењето на советите за безбедност. Но, Комисијата, а и јас лично сметам дека треба да останат овие совети како тела кои што ќе промовираат разни активности за зголемување на безбедност во сообраќајот. И досега искуствата укажуваат дека овие совети биле од голема корист таму каде што делувале посебно имајќи

во предвид дека не предизвикуваат финансиски потреби од страна на Републиката, или општините. Сметам дека и понатаму треба да останат овие совети.

Второ прашање кое што беше изнесено е прашањето на едукацијата на лицата кои што учествуваат во сообраќајот поконкретно прашната поврзани со оспособувањето на кандидатите за полагање на возачките испити. Сметам дека е крајно време да се овозможи кандидатите да се обучуваат и да го полагаат испитот на својот мајчин јазик пред се тука мислам на кандидатите од разните националности во РМ со што ќе се олесни едукацијата, односно обуката на лицата кои што полагаат, односно се обучуваат и полагаат теоретски и возачки испит. Ваква практика инаку позната е и во земјите каде што лицата престојуваат привремено, или на привремена работа во странство дури и таму им се овозможува на овие лица кои што се обучуваат за движење во сообраќајот да се обучуваат на јазикот кој што тие најдобро го познаваат.

Втора работа која што сметам дека би било пожелно во предлогот на закон да се вгради е можноста одредени средства кои што се прибираат од таксата за прекршоци да се пренасочат во општините за подобрување на условите за безбедност во сообраќајот, преку подобрување на сигнализацијата, одбележувањето и редица други работи кои што се поврзани со безбедноста во сообраќајот. Исто така сметам дека би било пожелно во Законито да се вгради една доредба со која што ќе се оневозможи една практика која што во последно време е многу присутна. Имено деловни објекти, згради и станбени објекти да се даваат на користење, да се градат без да се води сметка за безбедносните аспекти без соодветен простор за паркирање, соодветно место за приклучување во улиците, се даваат градежни дозволи. Посебно таква ситуација имаме во последно време во општината Центар каде што никнуваат огромни објекти кои што немаат обезбедено простор

за паркирање и приклучување од улиците. Сметам дека на овој начин се загрозува безбедноста во сообраќајот и би било пожелно да се елиминира со одредена одредба во Законот оваа појава. Во расправата на Комисијата исто така беше истакната заложбата на членовите на Комисијата да се направат одредени напори за подобрување на застарениот возен парк во Републиката преку финансиската политика, односно фискалната политика, односно царинската бидејќи возниот парк кој што е постоечки во Државата е исклучително дотраен и не овозможува безбедно одвивање на сообраќајот.

И на крајот од старана на Комисијата беше заклучено да се упати една сугестија до предлагачот на Законот, а и до Владата да води поголема сметка за усогласеност на казнените мерки со реалните можности на граѓаните кои што работат и живеат во Републиката. Имено и од самите казнени мерки што се предлагаат може да се заклучи дека тие се енормно високи и не соодветствуваат со реалните можности на граѓаните. Така што мислам оваа казнена политика изрекувањето на така високи прекршоци нема да ја има вистинската цел да ги спречи делата кои што се казлири во областа на сообраќајот, туку напротив токму реалните казни наплатив би биле токму тие кои што би придонеле за поголема безбедност во сообраќајот. И на крајот поддржувајќи го Предлогот за донесување на овој закон, упатуваме укажување предлагачот да изготви и на Собранието да му предложи Предлог на закон при што да ги има во предвид и искажаните забелешки.

**СЛБООДАН ДАНЕВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници и министри,

Сигурно дека овој предлог ан донесување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата има своја посебна тежина иако изготвувачи се две министерства, регулира една комплексна материја и

ако сите кажувања кажуваат дека е усогласен со сите меѓународни стандарди. Посебно треба да се акцентираат некои кажувања кои би допринеле во зготвување, односно дооформување на конечната верзија бидејќи предлагачот кажува дека ќе оди во две фази. Треба да се кажат и некои генерални забелешки.- Она што беше спомнато тука за тракторите го поддржувам дека треба да се ослободат тракторите и да им се даде една бенефиција на земјоделците производители, дали ќе бидат со зелени, или црвени таблици, не е битно, туку да се ослободат од регистрацијата.

Она што посебно боде во очи е казнената политика која сигурно ќе биде усогласена со другиот закон, закон за прекршоци да биде олеснителен, ен во тој смисол олеснителен, тука биде реално применлива според тежината, а не да не можат нашите граѓани да ја изрегулираат казнената политика, односно казенанта мерка .И она што посебно би сакал да кажам е оној посебен дел околу застареноста на возниот парк. Сигурно дека ние сме меѓу ретките земји во Европа каде што просекот на години на возниот парк на едно возило е од 18 години натаму. Што треба овој Парламент да донесе, Министерството и Владата за да помогнат во овој дел, сигурно да се направи еден преоден период за сите оние возила кои се стари и кои се најголеми загрозувачи на безбедноста на сообраќајот, не само возилата, туку сите учесници загрозувачи во сообраќајот, посебно возилата кои се со старосна граница над 20 години да се даде еден лимит и едно време да се припремат сопствениците знаејќи во каква економска состојба живееме да можат дел по дел да се исклучуваат од сообраќај. Сигурно дека во овој момент треба да помогне и Парламентот со олеснителните околности, тоа би било намалување на царинските давачки за обновување на возниот парк. Сигурно треба да биде модерен затоа што знаеме дека во Европа сега се води борба околу екологијата, знаеме

дека се води борба со катализатори, посебни давачки и во овој дел на Законот не е внесена исто таква една мерка затоа што сигурно луѓето на Запад размислиле добро и нашле една форма како да дојде до ослободување на дел на царинската давачка затоа што го зголемиле регистрирањето на возилата во тој дел каде што се загадувачи посебно дизелашите каде што е зголемена дел на регистрацијата да биде поскапа за 50%. Со тој дел се прави една реална можност да се намали царината, а оној дел на оние кои се корисници односно учесници во сообраќајот да плакат поголеми давачки како во патарината итн. Сигурно дека ова изуготвувачот и предлагачот на законот ќе ги земе во предвид како забелешка и ќе ги инкорпорира во законскиот проект.

**НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседатеале, почитувани пратеници, оценувам дека нормално има потреба од донесување на овој закон во две фази и дека Законот нуди новина да ги решава проблемите на единствен начин дури моја оценка е дека Законот по одделните глави на добар начин наоѓа решение, иако е во голем дел врзан со меѓународните стандарди кои важат во оваа област и од кои ние не можеме повеќе, или помалку да импровизираме.

Би сакал да обрнам внимание на VII- глава од Законот под наслов: возила, особено членовите од 348 до 357, мислам дека Законот прави квалитативен чекор напред и со тоа мислам дека овозможува, дава услови да безбедноста од технички аспект на возилата се подобрува и се регулира од страна на државата на едно ниво кое е задоволително. Сепак ќе си дадам аз право во одредени делови од оваа глава да кажам свои сугестии за кои сметам дека Министерството ќе најде за соодветно во втората фаза да ги дообјасни, или ако има потреба и да ги промени.

Имено во членот 350 мислам дека решението е, да употребам збор 11 брилјантно11, меѓутоа дека под правни лица регистрирани за дејноста од едукација на кадри од областа на сообраќајот кои можат да ја вршат дејноста што се опишува во член 350 за техничките прегледи треба да се допрецизира, затоа што во истиот член понатаму ги набројува и установите од образованието чија дејност е едукација на кадри од областа на безбедност и превентива во сообраќајот што очигледно упатува на тоа дека не се ова образовните институции, туку дека е нешто друго едукација на кадри од областа на сообраќајот. Се разбира дека јас не можам да оценам кои се тие правни лица , можеме да нагаѓаме и сметам дека во II фаза Министерството ќе треба да направи напор, или да го допрецизира, или да го испушти овој дел, затоа што може да асоцира и на овие кои оспособуваат возачи кои апсолутно не можат да бидат технички опремени за овој дел од работата.

Во членот 351 ставот 2 треба да се прецизира и мислам дека решението е исто така одлично дека овластените правни лица не можат да ги вршат техничките прегледи на сопствените возила и на возилата на членовите на организацијата во која се здружени. Со оглед дека со овие организации се здружени илјадници членови физички лица кои се членови на здруженијата се подразбира дека зборот "членови" се однесува на членови правни лица кои се составен дел на здруженијата затоа што тие сојузи, или здруженија имаат два вида на членство. Едно е членството на правните лица кои ги сочинуваат сојузите и здруженијата, а друго е индивидуалното членство на граѓаните во овие правни лица.

XI/1 СП/ПН

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Ако се остане да се толкува без дека се тоа членови правни лица, туку само членови, може да се случи техничките прегледи масовно не можат да се изведуваат затоа што многу голем број од членовите односно голем број на возачи да се членови на соодветните здруженија и мислам дека тоа треба да се протолкува на овој начин на кој јас упатив.

Во членот 353 решението е стандардизирано, тоа е добро и мислам дека тоа овластување што го добива МВР е добро и логично, меѓутоа, овластувањето и други правни лица да можат да ги добиваат на користење по свое барање податоците од техничките прегледи е непрецизно, затоа што правни лица има регистрирано десетици илјади во Македонија. Ако останеме на определбата дека овластеното правно лице за прегледи на возилата е должно да обработува податоци од пропишана евиденција за прегледани возила и по барање на МВР и други заинтересирани органи, нека остане"органи", не се сите правни лица, меѓутоа, и други заинтересирани правни лица да ги дава на користење, мислам дека е малку непрецизно формулирано и дека треба да остане некаде до "органи". Ако стои "правни лица", тогаш треба децидно да се наброи кои правни лица и од кои побуди, затоа што се работи за трошоци да се издаваат тие податоци, а понекогаш се работи и за деловна политика на организацијата за издавање на податоци за овластувањата кои ги врши од овој член. Во таа насока со овие забелешки го поддржувам законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри.

Мислам дека овој закон тежината на овој закон, е од таква големина што можеби по однос на проблематиката која ја тангира, бројот на членовите и бројот на учесниците кои ги опфаќа овој закон можеби е еден од најфреквентните закони по однос на норми, по однос на граѓани на РМ кои на одреден начин флуктуираат низ овој закон. Според тоа, и одговорноста и третманот кој ние како пратеници го даваме на оваа проблематика заслужува посебно внимание за што и ние како личности, сите граѓани во оваа Република и пошироко на директен и индиректен начин секојдневно во повеќе наврати се и те како засегнати со овие одредби за кои сега тука дискутираме и се надевам на една од наредните седници ќе гласаме за нив.

Инаку, давам целосна поддршка за донесувањето на овој закон поготово што по однос на досегашниот закон во овој се инкорпорирани повеќе норми кои Европа веќе ги има повеќе години применето и истите функционираат на тие простори, овде кај нас дури сега истите ги внесуваме. Значи, комплетна инкорпорација на Европското право на ова подрачје.

Единствени мои забелешки по текстот на овој закон е областа каде се дава алтернатива по однос на Советот за безбедност во сообраќајот. Мој размислувања и мои досегашни искуствени резултати на ова поле што повеќе совети за безбедност мислам дека не ни се потребни, бидејќи гледано повеќе години наназад нивната работа, нивното значење по однос на оваа проблематика го немаат и не дадоа резултати на пандан на она што им беше дозволено со досегашната законска регулатива.

Затоа мислам дека таа проблематика која досега ја имаше која беше тангирана на одреден начин, сепак треба на одреден модифициран начин да биде преупатена во образовните институции во основното и средното образование, додека по оној безбедносен карактер на проблематиката од оваа област сепак треба да има поактивно учество самото МВР и одредени ингеренции да си преземе Министерството за сообраќај и врски.

Инаку, како институција - Совет за безбедност, досегашното искуство укажува дека испитот оваа институција не го положи и мислам дека ова е начин дека ги елиминираме од законска форма, а ингеренциите кои ги има треба сите 3 поодделни министерства стручно, професионално да ги обавуваат и мислам дека на тој начин ќе има поголема ефикасност во целокупноста на оваа проблематика.

Нормално, како член на опозициона партија реално ги било да прокоментирам малку за казнената политика, бидејќи знаеме дека скоро 80% од прекршочните постапки кои се водат во судовите се точно од оваа проблематика и мислам дека на една од наредните фази кога треба да се разгледува овој закон ќе треба една поопстојна анализа за рангот на висината на казните и казнената политика како и една сеопфатна анализа да се има предвид при одредувањето на оваа казнена политика по однос на до сега водената политика во оваа област, резултатите од таа казнена политика, а не само да се има предвид финансискиот ефект кој го добива Републичкиот буџет. Сепак мислам дека правно издржана држава е онаа држава која најмалку средства во Републичкиот буџет би требало да прибира по овој основ, а тоа значи ќе имаме висок степен на техничко сообраќајна култура меѓу граѓаните ќе имаме значително намален број на сообраќајни несреќи, ќе имаме помалку алкохолисани возачи и тн. и тн.

Значи, повеќе фактори по однос на висината на казнената политика еден социјално социолошки карактер да се даде на ова и со една опстојна анализа точно да се определат и дефинираат висината на казнената политика.

Кога ќе дојде конечната верзија лично ќе се залагам за одредени прекршоци да се исклучат од парично казнување додека за одредено ниво на степен на прекршоци повеќекратно да се зголеми вака дадената казна, така да има одреден биланс за да се постигне оној ефект за кои што дискутиравме.

На крајот една мала реплика до г-динот Тантаров кој во својата дискусија даде една поделба на граѓаните на РМ помеѓу селани и граѓани и приградски граѓани по однос на користењето на бенефиции за регистрации или нерегистрација на таа земјоделска механизација, мислам ако сакаме да влеземе во Европа со овие одредени постулати, тоа треба да го заборавиме, онаа граѓанска должност што секој треба да ја исполни, треба да биде подеднакво рангирана, дали тоа ќе биде за жител на село или жител на приградска населба, дали за жител на град, мислам дека сите во оваа држава треба да бидат подеднакви граѓани на РМ. Тоа треба да им го даде државата, тоа право и нормално тоа дадено право треба граѓаните, на одреден начин,да го верифицираат преку даночната политика која нормално следи.

Исто така мала реплика на дискусијата на г-динот Таири кој не ја изостави приликата и по основ на овој закон го покрене она прашање за едукација на јазикот на малцинствата што мислам дека навистина во оваа прилика не држи никакво место, бидејќи овде се говори за техничко моторна вежбовна едукација за обавување на дејноста сообраќај, така што оваа работа со јазикот на малцинствата нема баш никакви заеднички и допирни точки.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој уште бара збор?

Има збор г-ѓа Малинска.

**ПЕРСИДА МАЛИНСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, ќе бидам кратка во корист на времето, сакам да дадам еден мал придонес во однос на допрецизирањето на медицинската терминологија која се користи во законот.

Би сакала конкретно да предложам одредени забелешки по одредени членови.

Во членот 220 став 2 по зборовите "управување со возило на моторен погон или со трамвај" се вметнуваат следните зборови: "врз основа на медицински наод". Фактички изменетиот став ќе гласи: "ако лицето повредено во сообраќајна незгода умре од добиените повреди во рок од 30 дена или ако постои оправдано сомневаше дека кај возачот поради повреди дошло до намалување на психичката и физичката способност за управување со возило на моторен погон или трамвај, врз основа на медицински наод, здравствената установа е должна веднаш да го извести МВР". Мислам дека образложението е следно.

При констатирање на смрт и повреда како резултат на сообраќајна незгода не може да постои оправдано или неоправдано сомневање без медицински наод за тоа дека лицето е повредено во сообраќајна незгода, умре или му е намалена психичката или физичката способност за управување со возило како резултат на болест, консумирање на алкохол или примање на дрога врз основа на преглед и лабораториски наод.

Предлагам членот 230 да се брише поради тоа што во споменатиот член се употребуваат цитирам: "возач кој во толкава мера е уморен или е во толкава мера болен или е во таква психичка состојба што е неспособен за сигурно управување".

Предлагам членот 23 0 кој се брише да гласи: "возач не смее да управува со возило во сообраќајот на пат ако не е способен за сигурно управување со возилото како резултат на дијагностицирана болест, консумирање на алкохол или примање на дрога, односно лекови на кои е означено дека не смеат да се употребуваат пред и за време на возењето". Измената ја предлагам од причини што секој возач дали е здрав, односно болен, дали е способен или не за возење поседува лекарско уверение за здравствената состојба издадено од соодветен орган од здравствената организација, а исто така поседува возачка дозвола и е јасно дали возачот е здрав или болен врз основа на медицински наод.

Во членот 249 став 1 и став 2 се бришат. Предлагам два нови става кои, пред да предложам како ќе гласат, сакам да кажам дека суштината на измената која ја предлагам е слична со претходниот член. Имено, се работи за отфрлување на нејасни термини од медицински аспект во законот и за сите учесници во сообраќајот. Тоа значи ставот 1 во членот 249 гласи:

"За време на оспособувањето на кандидат за возач инструкторот не смее да биде болен или под дејство на алкохол, дрога, лекови на кои е означена забрана за употреба пред возењето со што се нарушува психофизичката состојба на инструкторот, тој не е способен да врши сигурен надзор над кандидатот што го оспособува.

Став 2 - "инструкторот не смее да оспособува кандидат за возач кој е болен или под дејство на алкохол, дрога, лекови, на кои е означена

забрана за употреба на возењето при што не може сигурно да управува со возилото.".

Уште една конкретна забелешка во членот 358 став 2 каде се предлага Министерството за здравство во согласност со МВР да ги пропишат критериумите во поглед на кадарот и материјалната опрема што мора да ги исполнува здравствената установа или МВР за вршење на анализи како и да се пропише постапка за земање и транспортирање на крвта и урината за анализа. Ова е сосема во ред, меѓутоа, предлагам зборовите "критериуми во поглед на кадарот и материјалните опреми" да се заменат со зборовите "светски општо- прифатени стандарди, нормативи во поглед на простор, опрема и кадар."

Ова, исто така, го предлагам од причини што во праксата понекогаш критериумите не се повикуваат на општоприфатените светски"стандарди и нормативи за одредена дејност.

Исто така во членот 360 е за размислување дали да остане 8 дена за пријавување на здравствената организација од МВР каде што би требало по една логика на нештата да се заменат со зборовите: "веднаш" и зборовите "се посомнева или се бришат". Тоа значи дека во здравствената организација ако основано се утврди значи се утврди, а не посомнева дека се работи за телесно и душевно неспособен да управува одредени категории на моторни возила, здравствената организација е должна веднаш да го извести МВР, а не да чека 8 дена. Молам овој став да се преиспита.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за безбедност на сообраќајот и патиштата.

2. Владата на РМ ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за безбедност на сообраќајот на патиштата, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на денешната седница на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањата од расправата на седницата на Собранието ,да се достави до Владата на РМ, МВР и Министерството аз сообраќај и врски.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака.

61 пратеници.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Дами и господа пратеници,сакам да ви предложам една мала измена во редоследот на точките на дневниот ред, да го ослободиме претседателот на Републичкиот судски совет, да поминеме на 17-та точка - избор на двајца судии на Врховниот суд, ако се согласувате да одиме на тоа. (Гласови на одобрување)

Благодарам.

Преминуваме на <u>17-та точка</u> од дневниот ред - Предлог за избор на судии нас Врховниот суд на РМ.

Предлогот на Републичкиот судски совет и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот Драган Тумановски да биде избран за судија на Врховниот суд го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (61)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Драган Тумановски е избран за судија на Врховниот суд на РМ.

Предлогот Маргарита Цаца-Николовска да биде избрана за судија на Врховниот суд на РМ го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека Маргарита Цаца-Николовска е избрана за судија на Врховниот суд на РМ.

На избраните судии им го честитам изборот и им посакувам успешна работа и добро здравје.

Констатирам дека со денот на изборот на Маргарита Цаца Николовска и престана функцијата судија на Апелациониот суд во Скопје.

Кога сме веќе тука, да ги избереме и судиите поротници.

Преминуваме на 19 точка од дневниот ред - Предлог за избор на судии поротници во основните судови во Куманово и Гевгелија.

Предлозите за избор на судии - поротници и Мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на гласање.

Предлогот за избор на судии поротници во Основниот суд во Куманово го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака? (65)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Куманово се избрани предложените кандидати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Предлогот за избор на судии и поротници на основниот суд во Гевгелија го ставам на гласање.

Кој е за предлогот молам да крене рака?

62 пратеника гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека за судии поротници во Основниот суд во Гевгелија се избрани предложените кандидати.

Им честитам на сите избрани кандидати.

<u>Точка 10. -</u>

Предлог за донесување на закон за извршна постапка.

Предлогот за донесување на законот, извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за извршната постапка.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон за извршната постапка, при што ке ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела на Собранието.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела на Собранието и укажувањето од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

69 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Точка 11.

Предлог за донесување на закон за македонски железници.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието, Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за македонски железници.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе м> достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за сообраќај и врски.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање (Не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Точка 12.

Предлог за донесување на закон за осигурување.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес, молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за осигурување.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Не)

Дали некој се воздржува од гласање не.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Точка 13.

Предлог за донесување на закон за водите.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес,

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, го ценам вашето трпение, ќе бидам многу краток.

Јас го поддржувам овој предлог и мислам дека треба да го донесеме што побрзо. Имам неколку забелешки на неколку членови и ќе почнам по ред.

Членот 10, мислам дека смета "водна книга" и треба да се најде некој друг термин, како книга за води и сл.

Во членот 11, од водоснабдување на населението како приоритет мислам дека е широк пои^ треба по редоследно да стои, како ќе имаат приоритет вода за пиење, па здравствените установи итн.

Во членот 15, од коритета и водотеците и е зерата може да се вади песок како и камен само ако се врши подобрување на режимот на водите. Место тао треба да стои, ако не го вложува режимот на водите.

во членот 21, има и друга голема река во шестиот став кај што стои сливот на голема река, го опфаќа сливот на територијата на Република Македонија до македонско-југословенскта државна граница. Ако се однесува на голема река во Македонска Каменица треба да стои Македонско-Бугарска граница. Ако е некоја друга, а јас се консултирав со колегите од Паланка нема, мислам дека треба да се исправи, ќе испадне дека не си ги познаваме сливните подрачја.

Во членот 22 ревизијата на водостопанската основа за почеток би требало да се врши на пократок период и предлог е пет години наместо 10. За мене е поприфатлива алтернативата на ставот 1 односно водостопанската основа да ја донесува Владата на предлог на Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

Членот 26 аналогно на ставот 1 во членот 22 и тука за мене е поприфатлива втората алтернатива.

Во член 33 без издавање водостопанска согласност на граѓани во сопствено земјиште би се направило, мислам хаос. Еве пример, со потсечување на канал може да се потсече водата на сопственик кој има бунар и тогаш доаѓа до расправии. Мислам дека тука треба исто така да се бара согласност. Во поглавјето 6 точка 1 заштита и одбрана од поплави, место да го решаваат советите на општините по прифатливо и така се бара согласност од Министерот тоа да го врши Министерството како пгооема правичност.

И во членот 159 водостопанскиот инспектор стои "има право да" мислам дека не треба така да стои, туку "се задолжува да". заради тоа што има право - нема право, како сега што си ја вршат работата.

И на крајот последниот став каде што стои полицијата може да учествува треба да стои "е должна" да учествува во интервенцијата на барање од инспекторот".

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, материјата што се уредува со овој закон е од исклучителен вид и од исклучително значење затоа што е разбирлив и големиот интерес за решенијата што се нудат со него.

Ако се има предвид количеството на водите во РМ дека е ограничено и условено од атмосферските прилики како и фактот дека водотеците и езерата се јавуваат големи оксилации во водостоите и протечувањата со изразито големи амплитуди, доколку е појасно

значењето на уредувањето на овие прашања со добри законски решенија. Со оглед дека понудениот текст од законот е во прва фаза од неговото донесување, а опфаќа ваква комплексна материја, вниманието би сакал да го задржам на прашањето околу цената на наводнување содржана во член 141. !

Имено, според овој член предвидена е цена за обезбедено доведување на вода, сталeн дел, или пак досега константен дел и цена за испорачана вода променлив или варијабилен дел.

Воедно е објаснето дека цената на сталниот дел изнесува 25% од просечната цена за наводнување во хридомерилијативниот систем и служи за покривање на дел од трошоците кои не се зависни од испорачаните количества вода односно обемот на наводнувањето, на наводнувани- те површини.

Може да се забележи дека во предложениот законски текст не се разработува прашањето за кого ќе се однесува обврската за плаќање на овие 20% како сталeн дел или константен дел односно произлегува дека обврската ќе биде општа, како што е предвидено во текстот на пред-ложениот закон.

Во врска со тоа сакам да укажам на потребата во втората фаза, предлагачот на законот да направи разграничување на оваа обврска затоа што таа би требало да се однесува само за подрачјата каде што има изградено хидромелиоративни системи бидејќи само таму може постојано, константно може да има вода низ целиот период на летнината. Во оваа смисла ќе го посочам примерот на површините на трансверзалата Тетово Гостивар каде што воопшто нема хидромелиоративен систем односно водите во околните реки се опфатени во хидросистемот односно во хидроцентралите "Тито" - Маврово, така да на овој дел не може да стане збор за постојано

обезбедено доведување вода односно водата се пушта само на 5.о7. односно на 5 јули во шпицот на сезоната па се до 20 август на сезоната, заправо до тој дел на сезоната. Од таму не е можно ваква обврска да произлегува за овој крај. Такви состојби има и во други места можеби во Република Македонија за кои треба да ги има предвид предлагачот на законот, во оваа смисла.

Начелното принципиелно уредување на ова прашање со закон ќе овозможи избегнување на различни примени, односно различно толкување на оваа одредба од законот во практиката.

За константниот дел, конкретно, што реков за земјиштето, за дел од земјиштето што е над трансферзалата Тетово - Гостивар, не само што нема систем туку водите се опфатени во хидросистемот хидро- централи "Тито". Тука со договор со водостопанската организација "Извори" од Вруток водата се пушта само за 40 дена. Затоа би требало да биде предвидено предлагачот во пречистениот текст на законот таа обврска да не останува за плаќање на тој надоместок кај граѓаните. Таа обврска и те како претставува големи тешкотии за плаќање на водните придонеси.

Доколку предлагачот понатаму ова ќе го има предвид, мислам дека законот има основа за донесување кога ќе биде и предлогот.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Г-дине претседателе, дами и господа пратеници, донесување на овој закон е од важен интерес за сите граѓани на Република Македонија бидејќи како предлог за донесување на овој закон, Законот за мислам

дека и предлагачот треба да води посебна сметка. Ние знаеме дека корисници на вода се сите граѓани на РМ, меѓутоа последните 10 години како што беше суша во 1994 година кога многу хидромелиоративни системи во неможност да ги снабдуваат со вода до определено време корисниците, особено дел од земјоделците, ние знаеме сите какви беа штетите во 1994 година во земјоделието.

Бидејќи во Куманово моментално се користат две брани или акумулации, првата акумулација во Глажне и втората во Липково, ние знаеме колкава е количината на водите на овие два брани. Имајки го предвид фактот дека површината која моментално се наводнува од овој хидромелиоративен систем во Куманово заедно со новоформираната општина Липково изнесува негде околу 6400 хектари . Меѓутоа, никој не е против оваа површина, но знаејќи еден факт дека во ниедна година водостопанство од Куманово немало можност корисниците на вода, особено земјоделците да ги снабдува со вода до определениот рок , а многу години дури во половината на седми месец нема вода од двете акумулации. Треба да се направи една анализа од страна на Министерството за земјоделие , шумарство и водостопанство особено кога е во прашање кумановскиот проблем.

Мислам дека Министерството за земјоделие ги знае проблемите во врска со снабдување на земјоделскиот сектор во Куманово со вода бидејќи со независниот синдикат имал доста проблеми околу ова прашање, и до ден денес овој проблем сеуште не е решен и земјоделците во Кума- ново се доведени во една незавидна положба, не само кога е суша туку и кога двете брани или акумулации се во полн капацитет, бидејќи се знае, како што реков и порано површината што го опфаќа овој хидромелиоративен систем, јас мислам иако не сум стручњак, дека оваа количина на вода не одговара.

Исто така во врска со формирање на цените, ние знаеме дека во врска со овој проблем има доста несогласувања од страна на земјоделците и јас би предложил бидејќи законот е во прва верзија, овој закон предлагам да оди на јавна расправа во сите општини, во сите места каде што се водокорисници, особено земјоделци и нека ги дадат и тие сами своите мислења и би било многу корисно и за Владата.

Што се однесува до членот 140 кој го прецизира проблемот во врска со средствата со кои се обезбедени за одржување на водостопанските претпријатија, мислам дека е исто така во континуитет и во согласност со овој член, член 141 формулирање на цените за земјоделците корисници на водата е предвидено во две форми.

Првата форма е цена за обезбедување и доведување на вода сталeн дел и задолжителен дел.

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (продолжение)

Министерството за земјоделие во врска со овој проблем знае колку средби имале со разни делегации од страна на земјоделците.

Исто така и вториот дел, заедно со првиот, а првиот изнесува 25% од вкупната цена, мислам дека тука, по културите, цените се толку големи, можам да кажам дури и астрономски.

Во сегашни услови гледајќи ги проблемите со кои се соочува нашето земјоделие, земјоделците не можат да ги поднесат овие цени. Мораме да бидеме реални и да кажеме дека ние од секогаш го оптоваруваме земјоделството, а знаеме какви се проблеми имаме во земјоделието.

Јас предлагам овој проблем да се реши со договори, според тоа кој колку ќе вади и колку ќе ја користи водата, а не вака на овој начин. Вака и овој закон дава можност проблемот да се реши така како што сега е прецизирано во член 141 каде што ќе има простор и место за манипулација од страна на претпријатијата кои стопанисуваат со водите. Затоа покоректно би било овој проблем да се реши со склучување на договори меѓу претпријатијата кои стопанисуваат со водите и водокорисниците, во конкретниот случај земјоделците, да се знае кој колку и што користи. Во договорот се знае дека ќе се прецизира и датата и ќе се затворат сите можности за манипулирање со земјоделците. Јас овој проблем не го сметам како проблем само на ниво на општина Куманово и на општина Липково. Такви неусогласувања меѓу земјоделците и претпријатијата кои стопанисуваат со водата, Министерството ги знае подобро од мене и во последните 10 години кога беше суша да се затвори вода во седмиот месец од годината а од страна на земјоделците да се бара почитување на сите обврски, мислам не е во ред.

Исто така со овој закон Министерството за земјоделие им дава можност претпријатието за водостопанство , само да ги формира цените. Исто така и тоа не е во ред. Зошто Министерството за земјоделие

XIII/2

шумарство и водостопанство нема ист аршин за сите хидромелиоративни системи во РМ, линеарно да биде назначена цената по култури.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници.

Мислам дека функционирањето на претходниот закон за води од 19 81 година и во меѓувреме сознанијата во стопанисувањето со води и воопшто со функционирањето, управувањето, користењето и режимот на води, како стручни решенија поместени во Предлогот за донесување на овој закон, значат квалитет кој заедно со неопходноста од промена на постојниот закон ги оправдуваат причините во оваа фаза на истиот, како предлог за донесување на закон.

Не би се задржувам по други прашања. Моето излагање сакам да го лоцирам на некои нови моменти во овој закон, во делот на материјално финансиското обезбедување на вршењето на водостопанската дејност, како и на новата организациона поставеност на јавните водостоапански претпријатија.

Забележливо е, во делот на новата форма на организирање, наместо досегашната СИЗ за водостопанство, институтот Фонд за води во изворите за неговото финансирање, доминира изворот за финансирање, воден надоместок. Тој извор за финансирање бидисуваше и досега, но според мои сознанија новината во тоа е да се воведува пообезбеден и искористен кубик вода и тоа во индустријата од сите видови за намена на водата во индустриски цели, во користењето нас вода од лица кои вршат стопанска и друга занаетчиска дејност и во домаќинство да се воведува една нова давачка во форма или во рамки на водниот надоместок. Тоа е така наречена, досега, индустриска вода, во индустријата и во вршителите на дејностите на цената што ја формираат комуналните претпријатија да се плаќаат плус 1% како воден надоместок, како извор за финансирање за водот на води.

Она што е најнепопуларно, таков 1% на неискористен кубик вода, плаќа и секое домаќинство на цената која и досега ја плаќало и што ја определуваат комуналните претпријатија.

Мислам дека стандардот на живеење и воопшто социјалната состојба, како на правните лица кои вршат индустриски дејности, правните лица кои вршат други дејности и занаетчиство, пред се, заедниците како што се домаќинствата е воопшто непопуларна и непотребна мерка на зголемуваше, со овој нов намет и нова давачка од 1% на сегашната цена определена од комуналните претпријатија, да биде оптеретена и зголемена уште за плус 1%. Објаснувајќи го ова, како моја забелешка, предлагам во понатамошната постапка предлагачот неодложно да го укине.

Морам да кажам дека сум еден од пратениците кој застапува граѓанство од условно кажано, земјоделски општини и застапник сум до поодамна на определбата, во делот на наводнувањето на земјоделските површини, во функција на зголемуваше на квалитетот на наводнувањето на тие земјоделски површини, како и во функција на земјоделието како еден придонес од страна на Парламентот и на Владата во обезбедување на услови во земјоделието, како и заради воведување на пазарни услови и во оваа област на обезбедување на вода за наводнување, без резервно да се изврши укинување на таканаречениот досега постојан дел на цената за наводнување на земјоделските површини.

За жал, иако се големи реагирањата досега од сите земјоделски општини во Републиката, меѓу кои и од Кавадарци, иако оправдувањата за намената на овие средства за одржување и користење на водстопанските објекти, или како народски тоа се вика за каналите, сметам дека овој извор на средства од услугата што водостопанските

претпријатија ја даваат преку цената за наводнување, не држи, нема аргументи, нема оправдување понатаму да опстојува како еден фиксен јавно правен намет и давачка која земјоделците, необјаснувајќи си ја причината за нејзиното постоење, велат, вадел не вадел, се плаќа. Каде го има тоа, посебно во сегашни услови кај нас, на афирмација на пазарниот начин на стопанисување во сите области, па и во оваа.

Сметам дека одржувањето на каналите треба да биде обврска на државата. Такви компаративни сознанија и искуства има во многу држави каде што тоа не е на товар на цената на водата за наводнување, туку се обезбедува преку буџетски средства, се обезбедува преку претходно, овде кажаниот воден надоместок во сите правни субјекти, како еден прилог на различни сегменти на државата, во интерес и придонес на земјоделието, како што прави секоја држава, треба и ние, практично, од зборување да го примениме и реализираме а никако тоа да биде една јавна, да не речам повеќе од даночна обврска таму каде што состојбата навистина е катастрофална, посебно во сегашни услови на земјоделско производство и посебно на пласман на земјоделски производи.

Зборувајќи го ова, сметам дека битката на нас како Парламент, во однос на предлагачот, Владата и посебно од аспект на вршење на нашата функција таму каде што ги застапуваме нашите граѓани, без замерување, условно кажано од земјоделските општини, во таа смисла ги повикувам сите пратеници кои се од такви средини, од општини каде што е претежен дел занимање на граѓанството како основен или дополнително со земјоделие, по ова прашање навистина да ги надминеме партиско политичките граници и да ги застапиме тие граѓани, со потенцирање, никако незанемарувајќи ја неопходноста од изворот на финансирање, одржување и користење на каналската мрежа, која што реков напред, има веќе извори. Тоа се, да не ги повторувам и од водниот

придонес и од придонесот за експлоатација на песок и чакал, па и од придонесот што го плаќа електростопанство па и од придонесот за стопански субјекти кои ја вршат својата стопанска дејност во врска со водите и тн. Во тој правец уште еднаш потенцирам дека мојата најголема заложба по однос на овој закон е безрезервно и обавезно укинување на постојаниот дел ан водниот надоместок.

По однос на организационата поставеност на сега како се предлага единственото јавно водостопанско претпријатие, сметам дека тоа е како форма, како една организациона рамка, по мои убедувања и оценки за други такви слични и јавни служби кои централизирано функционираат од центарот кон општините, мислам дека се покажа оти се како една единствена централизирана форма на управување и раководење, непродуктивни и без позитивни резултати. Сметам дека со ваквото решение повторно ќе си паднеме во една грешка и дека има место и причина, по мене, предлагачот да го преиспита ова решение за формирање на единствено јавно водостопанско претпријатие. Но, со овој закон кој меѓу другото ги регулира и условите и начините на вршење на водостопанските дејности да го определи јавниот интерес, па нека тој јавен интерес со законот определен генерално во фондот за води обезбеден, нека се остварува, нека се реализира, пак велам, јавен интерес, со сите карактеристики објаснети во законот, нека практично се спроведува од јавни служби кои ќе функционираат по општините, или регионално како се мелиоративните системи. Ова е една од причините за мое сфаќање на неприфаќање на единствената организациона форма на јавно стопанско претпријатие на ниво на републиката, а друго е мислам што е побитно, тоа е дека оваа форма апсолутно го занемарува субјективитетот и учеството на оние за кои се формира тоа јавно

водостопанско претпријатие, а тоа се самите земјоделци, водокорисници. Досега, како така имаше некоја форма преку тие општински СИЗ-ови за водостоапнство иако формално учество на водокорисниците кои учествуваа во делот на управувањето со стопанисувањето со водите, пред се она што е најинтересно за граѓаните земјоделци во наводнувањето, а и најатрактивното, во определувањето на цената на водниот надоместок.

Сега со оваа форма што е се предлага фактички определувањето на целокупниот режим на функционирање со водите и она што најмногу ги интересира водокорисниците и нивното учество за обезбеденоста и квалитетот на водоснабдувањето, пред се за наводнувањето на земјоделските површини, а уште повеќе за висината на тој воден надомест, со овој закон се апсолутно анулира и никакво право на учество во одлучувањето со стопанисувањето со води и пред се со висината нас водниот надоместок, што е за нив определено и за нив како претпријатија се основаат, апсолутно со овој закон се отстранети во нови организациони форми, што значи му даваат на овој закон, со ова и со напред кажаното еден карактер дека овој закон се носи исклучиво само за оние кои како државни органи се занимаваат со водсостопанска дејност. Тоа е како даватели на услуги како јавно водостопанско претпријатие, а не и закон за оние за кои и навистина се наменети и со оправдување и за оние претходно што ги спомнав, а тоа е за водокорисниците. Од тука сметам дека предлагачот треба да ги преиспита решенијата за единственост на организационата форма на јавното водостопанско претпријатие.

Ќе спомнам само дека имаше шанса во овој закон, а тоа е исто така едно упатување до предлагачот, делот на експлоатацијата на песок, чакал и камен, сега како што се дефинира: во овој закон во интерес на

подобрувањето на режимот на води да биде една дејност, во врска со стопанисувањето со води, која како добро од општ интерес, еве практичен пример, да го преотстапиме на органите на локалната самоуправа, како дејност и како извор на приходи, бидејќи при таа експлоатација на песок, чакал и камен се наплаќа надомест, кој би бил во интерес на водокорисниците и на стопанисувачите со оваа експлоатација на песок, камен и чакал.

Во која смисла? Јас мислам ако тоа се преотстапи, а за тоа постои основ во Законот за локална самоуправа, дека државата односно водостопанските органи на власта и јавните служби нека пак го определат режимот на води во врска со експлоатацијата на песок, чакал и камен, но непосредното вршење на таа дејност треба да се преостапи на органите на локалната власт. Сигурно дека тие во чиј атар се наоѓаат тие корита и брегови на водотеци и тн., подобро ги познаваат и приликите и ќе значат обезбедување на услови за вршење на дејност нас правни субјекти од тие општини.

На крајот на краиштата од тој ископан и истоварен материјал ќе значи и некој приход, пак во интерес на системот за наводнување во тие општини.

И на крајот, предлагачот треба да дефинира. Ваквото централизирано не само управување и раководење, туку и собирање на средства воопшто не дава гаранција, на пример ако од општина Кавадарци или од општините во поранешна општина Кавадарци се соберат толку и толку средства по основ на воден надоместок, дека тие средства ќе бидат наменети пак во интерес на одржување на каналите и да речеме во некои случаи, бидејќи и во нашата општина и во други верувам има и за доизградување и за изградба на нови канали, да бидат наменети тие средства од тие водокорисници по општински атари да бидат повторно наменети таму.

**ПАНЧО МИНОВ:** (Продолжение)

Не може таква централизација, до тој степен да се централизираат средствата, па тој управен одбор од 9 души кој го именува Владата да одлучува за локациите и намените на овие средства. Тука е многу големо тоа централизирано и апсолутно право на одлучување, што мислам дека е повторно една форма на запоставување на земјоделците водокорисници.

На крајот, запознавајќи се со ова, како компаративни искуства од другите држави што досега постоеше во функционирање на водостопанството, поместена е една глава во законот која што зборува за тоа дека овој закон наместо основното решение кое колку што се моите информативни сознанија перфектно функционира во држави во кои земјоделството е на повисок степен на развиеност отколку во Република Македонија, на пример Турција, каде што деталната каналска мрежа е ставена на управување во делот на стопанисувањето, во делот на употребата и користењето - пак ќе потсетам не во делот на јавно - правниот режим на водите, туку во делот на она што е непосредно користење на водите на самите водокорисници. Овој закон дава можност и предлагачот се определил за такво решение во делот на субјективитетот на учеството на самите водокорисници, во делот на стопанисување со деталната каналска мрежа само на тоа ако тие се здружат, кобајаги толку се сега земјоделците финансиски моќни да им дава право да изградат нови мини хидромелиоративни системи или ако се удоволи јавното водостопанско претпријатие можело дел да им преотстапи на корисниците. Мислам дека тоа е многу занемарувачко како законска определба и тие земјоделци водокорисници многу повеќе заслужуваат да си најдат свое место во овој закон, ете, како мој предлог

деталната каналска мрежа да им биде преостапена ана управување и користење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, долго време го очекувавме овој закон и конечно веќе стигна пред собраниска процедура. Сметам дека постојат можности овој закон со наши укажувања да биде еден од подобрите закони, кој ќе придонесе земјоделството во Република Македонија да оди доста понапред и оние проблеми што досега се јавуваа во однос особено на наплатата на водениот надоместок да бидат решени. Јас нема долго да се задржувам на забелешките, бидејќи на самата Комисија за земјоделство ги истакнав овие проблеми што мислам дека треба во наредните две фази да се стават во законот и сметам дека е добро директно да ги кажеме оние забелешки на кои сметаме дека и натаму ќе треба да се обрне поголемо внимание. За да не одземам повеќе време ќе приложам и дел од материјалот кој сметав овде да го изнесам, меѓутоа, трпението и на пратениците е при крај и затоа ќе настојувам да бидам што пократок.

Во Глава III од Законот, Материјална основа за вршење на водостопанските дејности, каде е предвиден фонд за води, сметам дека средствата предвидени за овој фонд кои ќе се собираат од водниот надоместок како приход на Фондот, а сепак се недоволни односно Министерството треба да се искаже дали и од досегашното искуство овие средства ќе стигнат, бидејќи доколку овој Фонд на води не ги обезбеди од овие надоместоци од оние плаќачи кои се наведени во законот, тогаш ќе произлезе повторно да се јави оној проблем, корисниците на вода да имаат висока цена и не ќе можат да го плаќаат овој воден надоместок. Затоа, сметам дека треба да се обрне поголемо

внимание, уште еднаш да се преиспитаат стапките од член 132, за да има можност истите и да се зголемат, а некаде има стапки кои треба и да се намалат.

Овој член, односно овој фонд за води наведува и на тоа дека доколку средствата се недоволни, оттаму ќе произлезат и проблемите со системите за нивното одржување, нормално доколку водниот надоместок не се прибира онолку колку што треба, тогаш ќе имаме многу поголеми проблеми кај крајните корисници.

Во Глава IV од Законот каде што е предвидено едно јавно претпријатие, јас исто така како и претходниот дискутант сметам дека треба да се преиспита овој член од Законот и сметам дека проблемите кај сите системи не се еднакви, а водостопанството во Република Македонија не претставува еден заокружен техничко - технолошки систем, како што се на пример поштата, електростопанството, железниците итн., па и оттаму предлагам уште еднаш да се преиспита и доколку постојат можности, а мислам дека треба да постојат можности, да се формираат повеќе јавни претпријатија или во склопот на едно јавно претпријатие да се формираат повеќе регионални претпријатија.

Во член 141 став 2 сметам дека треба да се бришат зборовите "изнесува 25% од просечната цена на наводнување во хидромелиоративниот систем", бидејќи подоцна е кажано дека ценовникот односно цената на водата ќе се пресметува од страна на водостопанското претпријатие, така што таму ќе бидат опфатени овие цени, а овде доколку веќе се кажува колкав процент да биде на постојаната вода на наплата, тогаш овој процент сметам дека е доста висок, бидејќи од висината на цената ќе зависи и оној процент што треба да се наплати дали ќе биде поголем или помал.

XIV/4.-

Во Глава V каде што се зборува за здружението на водокорисниците на наводнување и одводнување мислам дека сеуште тука има доста недоречености во предлогот. Треба да се внесат и нови одредби за тоа како ќе функционираат овие здруженија. Јас не сум против да има здруженија, меѓутоа намената на овие здруженија, каде што се претпоставува дека тие здруженија ќе можат по пат на склучување на договор како корисници да се јават на дел од мрежата, мислам дека сепак сеуште е рано во нашата држава ова да се прави. Впрочем, тоа ќе се покаже во Тиквеш и Брегалница со пробните испитувања. Меѓутоа, сметам, еве конкретно, доколку во Стрежево од каде што доаѓам од Битола, доколку се даде можност еден дел од системот да бидат корисници, односно и одржувачи дел од некое здружение, мислам дека за многу брзо време, откако ќе се руинира тој дел од мрежата, повторно ќе биде вратен но во многу понеповолна состојба. Велам уште еднаш да се испита улогата на овие здруженија.

Како што реков на крајот нема да оддолжувам, дел од дискусијата ќе ја доставам писмено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Работиме скоро 7 часа. Има пријавено за дискусија уште 5 пратеници.

Дали уште некој се јавува за дискусија?

Да, уште еден, Ризван Сулејмани.

Господин Џафероски, вие баравте процедурално.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Почитувани пратеници, не е проблем во тоа уште колку пратеници ќе се јават за збор по оваа точка. Има еден друг проблем овде кај нас, а тој е во следното.

XIV/5.-

Денес при утврдуваше на дневниот ред имавме Предлог - резолуција за распуштање на Парламентот и меѓу другото се предлагаше Парламентот да работи и во август месец. Тие кои тоа го предлагаа во мај месец ги нема тука, што не доведува да немаме кворум во собраниската сала. Навистина многу ме чуди дали може да се предлага една таква работа, а да не се учествува во работата на Собранието. Во мај месец ги нема, а во август месец да сме работеле, дури и август да сме работеле! Мислам дека полицемерна работа од ова не може да биде. Се доаѓа и се учествува во работата на Собранието, а не дојди, предложи и замини. Мислам дека до крај некоректно е по нас пратениците овде од предлагачот кој го изнесе предлогот.

Мислам дека немаме кворум и не можеме да работиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Тоа е исто едната причина, а втората е дека ни останаа уште 5, еве сега 6 дискусии.

Предлагам овде да прекинеме.

Продолжуваме во среда на 21 мај во 10,00 часот, пред почетокот на Шеесет и осмата седница.

(Седницата прекина во 18,45 часот)